СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА 61-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21 МАЈ 1993 ГОДИНА**


1. АБДИ ФАИК - 48 Дневен ред на стр.2

2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 56

з. АНДОВ СТОЈАН- чита Заклучок по Нацрт на Републички буџет-85

4. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 13, 16

5 КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН - 38

6. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 82

7. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 40

8. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 59, 64

9. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 76, 81

10. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 64

11. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 58

12. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 29

13. ПЕТРОВ ТОДОР - 21

14. ПРЕВАЛА ШАБАН - 49

15. СТАНКОВСКИ РИСТО - 70

16. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА - 9

17. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 32

18. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 83

19. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 34

20. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 18

21. ТРПЕНОВСКИ ДИММИТАР - 84

22. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - стр.3 (прилог)

23. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 45, 48

24. ШАКИРИ ХИСНИ - 29


седницата ќе продолжи

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Бранко Арсовски, Душко Горгоски и Благој Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се: Претседателот на Република 4аќедонија господин Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите I членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот и значењето на прашањата што се предлагаат да се разгледуваат на оваа седница, предлагам дневниот '.д да не се дополнува со други точки.

I/2.- ЛП-ВБ

Исто така, предлагам на оваа седница да не се поставуваат пратенички прашања.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (56 пратеници)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Нацрт на Републичкиот буџет за 1993 година.

2. Предлог за донесување на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1993 година.

3. Предлог на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (65 пратеници се за)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на **првата точка** - Нацрт на Републичкиот буџет за 1993 година.

Нацртот на Републичкиот буџет и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет,Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за земјоделство и шумарство, ЗПК Комисијата за образование, наука и култура, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ви се доставени.

Отворам претрес.

Уводно излагање ќе даде господинот министер за финансии господин Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, една забелешка материјалите врзани со Буџетот и образложението ви се доставени пред деноминацијата на денарот за тоа износите ќе ги читаме во оние кои беа пред.

(Чита уводно излагање) (Прилог)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, дами и господо, по усвојувањето на Одлуката за целите и задачите на монетарно - кредитната поли- тика за 1993 година мислам дека Буџетот на Република Македонија е вториот важен акт, ако не и првиот што се однесува до нашето одење економско - финансиско во 19 93 година. Мислам дека ние денеска расправаме за овој финансиско - правен акт во услови кога веќе со Одлуката за времено финансирање на Република Македонија веќе се утврдени рамките во кои ќе се движи таквото финансирање до 30.06. о.г. Според тоа ние денеска како пратеници како и на седниците на комисиите на Собранието можеме да расправаме, да се произнесеме, да сугерираме, да предлагаме нешто за позициите на Буџетот внатре, за евентуална прераспределба што би била пооптимална отколку што е предложена со Нацртот на Буџетот.

Инаку мое мислење е дека актот што се предлага денес е доста конзистентен. Би рекол дека со оглед на тоа што поаѓа од параметрите утврдени со макроекономската политика тој истовремено претставува и инструмент за остварување на таквата политика. Би рекол дека има тој една доза, една компонента стабилизирачка, дотолку повеќе што не се користат максималните можности предвидени со определбата за буџетската политика за 1993 година, значи не се користат 35% од општествениот производ, туку се оди со 27,2%.

Според тоа значи Буџетот има стабилизационен и антиинфлаторен карактер доколку се оствари така како што е предвидено. Меѓутоа мое

мислење е со оглед на тоа што Буџетот предвидува средства за поттикнување на развојот на стопанството, а посебно на недоволно развиените подрачја за ревитализација на селото и т.н., иако маргинално, мислам дека тој го заслужува епитетот и развоен. Значи нема само цел финансирање на општата и заедничката потрошувачка што во секој случај е основна поента на еден ваков акт, туку има и стабилизациона и развојна компонента што мислам дека токму заради тоа заслужува и поголема поддршка.

Во прилог на тоа оди и фактот што, да кажеме само во стартот се оди со оценки да личните доходи во нестопанството, во јавната потрошувачка, во нестопанските дејности да се движат за 10% по- ниско отколку што е тоа предвидено за стопанските дејности.

Мене ми паѓа во очи една работа во Буџетот, иако на име данок од добивка се предвидува да се соберат 110 милијарди денари, за поттикнување на развојот се наменети 181 милијарда. Тоа значи дека на стопанството се преливаат повеќе средства отколку што од него се земаат на име данок на промет, што мислам заслужува внимание. И тоа свесно со цел да се постигнат други цели, а пред се на полето на аграрот и на полето на побрзиот развој на стопански не- доволно развиените подрачја. Меѓутоа мора да се каже дека Буџетот ако сакаме да биде рационален и оптимален и на приходната страна и на расходната страна, сепак, ќе мора да дојде до израз и политиката на рационалност. Оттука и на Комисијата за економска политика и развој и јас лично мислам дека ќе мора ако ние сакаме да бидеме доследни во остварувањето на прокламираните цели на економската политика за 1993 година, мораме некои позиции на Буџетот да ги гледаме критички и да најдеме можност за поголема рационалност, рационализирање, па дури и по цена на одлагање на одредени издатоци во текот на 1993

година со цел да се остварат цели кои што не трпат одлагање. Во таа смисла со право беше истакнато и на Комисијата за економска политика и развој дека можеби кај поголемите корисници на буџетски средства, особено за потребите на општонародната одбрана и за внатрешните работи,свесни дека ние држава не можеме да градиме без поголеми издатоци на овој план, но сепак има мислење дека ако може тука нешто да се одлага ќе биде добредојдено за тие средства да се користат да кажеме за други цели кои не трпат одлагање. Во таа смисла освен ова, значи позначајни средства за поттикнување на побрзиот развој на стопанството особено во тој контекст и на стопански недоволно развиените подрачја, ридско - планинските подрачја, подрачјата од пограничните реони како и за ревитализација на селото,доаѓаат до израз поголеми средства истовремено за насоченото образование. Ние не знаеме да кажеме дали креаторите на Буџетот за 1993 година го имале во предвид фактот дека во текот на учебната 19 93/19 94 година се очекува пораст на бројот на паралелките во средното насочено образование, меѓу другото и поради залагањето да биде што поголем опфатот на децата од албанската, турската и другите националности во овој дел на образованието. Според тоа, сугестија е наша да кажеме, до колку не се предвидени доволно средства преку прераспределбата односно преку Предлогот на буџетот што треба да се презентира пред Собранието да се води сметка и за тој момент, како што ќе треба да се води сметка можеби повеќе и за средствата наменети за здравствена и социјална заштита на граѓаните во услови кога навистина се соочуваме со движења што не биле карактеристични во изминатиот период и со состојби кога одредени претпријатија престануваат со својата дејност, односно одат во стечај а се наметнува потребата од одредени социјални мерки на тој план.

II/4.-

Истовремено и натаму се наметнува потребата да биде поттикната дејноста на средствата за информирање, на радио телевизиските емисии, на весниците и списанијата. Заради тоа што ако ние сакаме да ја афирмираме политиката на Македонија ние тоа не можеме без соодветно ангажирање и соодветно поттикнување и помагање, партиципирање во остварувањето на дејноста на информативните средства на медиумите во Македонија. Во тој поглед оценуваме дека време е да се направи еден посериозен чекор за финансирање, за остварување на политичката определба "Флака е влазримит" весникот што излегува на албански јазик во Скопје веќе скоро 50 години, конечно да се оствари таа определба и тој да стане дневен весник. Во таа смисла се залагаме за тоа при изготвувањето на Предлогот на Буџетот да се има во предвид тој факт и да не бидат средствата пречка за да се оствари таквата определба. Мислам дека потреба е, дневна би се рекло на читателите албанци да имаат дневен весник преку кој што ќе можат да ги конфронтираат своите погледи и мислења за збиднувањата во нашата земја и надвор од неа и со тоа да дадат максимален придонес и во афирмирањето на политиката што ја остварува Република Македонија. Меѓутоа, и во оваа прилика морам да кажам дека сето тоа за да се оствари навистина не е лесно. Можеби лесно е да се планира буџет, да се планираат приходи и расходи, меѓутоа практиката е чудна, практиката многу работи демантира. Јас ја поздравувам определбата приходите на Буџетот да се остварат во рамките на она што предвидуваат нашите закони и во услови на постојаните даночни стапки. Мислам дека и таа определба оди во прилог на она што значи стабилизационо однесување и партиципирање во макроекономската политика во тој домен. Меѓутоа, сепак, бидејќи потребите навистина се многу поголеми отколку што се предвидени во расходната страна на Буџетот, нешто што и во самото образложение на Буџетот се истакнува

дека се тие некаде за 11 процентни поени повеќе. Мислам дека за да се оствари таквата политика, односно за да се покриваат издатоците повеќе отколку што се планирани, мислам дека ќе мораме и како држава, а особено како Влада да обезбедиме максимален опфат на потенцијалните даночни обврзници. Па во таа насока со право се истакнуваше и на Комисијата за економска политика и развој, а се надевам и во другите комисии, ќе мораме ние нечекајќи да се заокружи новиот даночен систем, да се донесат сите закони што би значеле заокружување на даночниот систем, ние мораме на планот на контролата и на планот на финансиската инспекција да бидеме порадикални, поригорозни за откривање на сите тие даночни обврзници што објективно досега не сме биле во состојба. Според тоа, значи има потреба од што поскоро конституирање на таа финансиска полиција, или финансиска инспекција како ќе ја наречеме и мислиме дека нејзиното место е во министерството за финансии.

И конечно да завршам, бидејќи многу работи се содржани во самиот извештај од оваа комисија, да не ги повторам истите, мислам дека тие претставуваат значаен прилог во напорите како треба да изготвиме подобар буџет. Да истакнам дека бидејќи ние Нацртот на буџетот го разгледуваме веќе во петтиот месец на годинава, можеби ќе беше од корист денеска имавме можност да се запознаеме и со текот на остварувањето на Буџетот во овие месеци на годинава.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас нема да коментирам ништо, само ќе кажам дека во првите 3 месеци на годинава остварени се 164 милијарди денари, што значи, ако тоа се помножи со 4, за четирите месеци би имале некаде околу 666,4 милијарди денари односно 44% од планираните средства со Буџетот за 1993 година. Сигурно дека врз таквите движења би имале одраз и стапката на инфлацијата во текот на изминатите месеци, меѓутоа, јас немам сознанија какви се обврските на Републиката кон одредени корисници на Буџетот, значи другата страна ја немам во предвид и незнам колку ваквите движења на претходната страна на Буџетот обезбедуваат покривање на реалните издатоци на Буџетот односно реалните потреби што ќе можат да се алиментираат од Буџетот. Јас би сакал така да се остварува Буџетот, со 666,4 милијарди денари затоа што само тогаш ќе биде навистина во целосна функција на стабилизационата политика за што се определивме. Меѓутоа, мислам дека мораме критички да го гледаме и таквото движење за да не се соочиме со потребата некаде во првото полугодие да правиме ребаланс на Буџетот поради објективно поголемите потреби на корисниците што ќе се јават во наредниот период.

Инаку, во целост го поддржувам Нацртот на буџетот и мислам дека што побрзо како Собрание да го поддржиме, како и да ја задолжиме Владата што побрзо да го изготви и Предлогот на буџетот како би можеле да работиме во нормални услови.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, најпрви сакам да кажам во врска со Нацртот на Републичкиот буџет како Собрание доцниме со неговото

донесување иако од страна на Владата нацртот на РБ беше доставен во првите денови на месец април. И сега вака по едно поголемо инсистирање се стави на денешната седница бидејќи ако продолжевме со други точки кои навистина ги има доста и се доста битни и значајни сигурно немаше да стигнеме да го донесеме Предлогот на буџетот до крајот на 30 јуни, кога е последниот рок кој што го утврдуваме со донесувањето на Законот за финансирањето на општите и заедничките потреби односно со продолжувањето на важноста на одлуката за времено финансирање.

Инаку, онака како што е концептиран износот и висината на Републичкиот буџет за 1993 година е врз основа на макроекономската политика во износ од 1.511 милијарди или тоа е 27% од висината на општествениот производ проектиран за 1993 година. Овој износ и овој соодност во партиципирањето на општествениот производ кој што според законот дава можности од 35%, а мислам дека имаше и одредена дилема во нашата комисија дали навистина буџетот во ваков обем ќе се оствари пред се во приходниот дел и пред се во тоа како распределбата понатака ќе тече. Но, сепак се согласивме на крајот дека лимитирањето е тоа што е утврдено со макроекономската политика во висина од 1.511 милијарди и во тој обем треба да се движи општата потрошувачка односно Буџетот за 1993 година.

Најпрво да кажам дека Комисијата за финансирање и буџет имаше доста обемна расправа и го прифати нацртот на Републичкиот буџет за 1993 година со сите оние утврдени забелешки по овој Нацрт кој стојат во извештајот на Комисијата. Јас поконкретно не би се задржувала на сите тие забелешки бидејќи ги имате во извештајот, но сакам да ги истакнам оние кои што беа навистина од страна на Комисијата посебно изнесени а тоа е следното:

III/3

Сметаме како Комисија дека заклучоците кои што ги предложивме, а Собранието ги прифати во однос на Ребалансот за 1992 година до крај не се содржани во Нацртот на републичкиот буџет за 1993 година. На што конкретно мислам? Сметам дека она што е прво и основен заклучок кој што ова Собрание го донесе, а кој што доследно гласи: "Со цел да се обезбеди порационално работење во органите на управата во 1993 година потребно е овие институции да ги донесат актите за организација и систематизација за потребниот број на вработени и правилниците за распределбата на платите кај овие органи." Зошто инсистираме на овој заклучок? Инсистираме заради тоа што 1/3 од вкупниот буџет односно околу 550 милијарди се издвојуваат во Нацртот на Републичкиот буџет за 19 93 година за надоместок на платите на вработените и функционерите во органите и организациите. Ако е така тогаш не е оправдано, бидејќи ова ни е веќе трет буџет кој го донесуваме, донесовме буџет за 1991, за 1992 година, ова е буџет за 1993 година за финансирањето и исплатата на платите на сите корисници кои што се финансираат преку Буџетот не се алиментираат врз база на утврдени систематизации, пред се кои што сигурно ќе значат и одредена рационализација во органите на управа и од друга страна не се алиментираат преку правилници за отплата на платите во тие органи и организации донесени врз база на систематизациите. Така да имаме случаи во одредени органи во кои што можеби има вработени од поранешните општински органи на управата, од неколку органи кои што се финансираат и се со работни места и со исплатени плати врз постојните некои си систематизации и правилници за плати иако преку Министерството за финансии се финансира секој вработен, по условно неквалификуван но за надминување на ваквата состојба сигурно не е

надлежно Министерството за финансии кое што го изготвило овој Буџет. Тоа е обврска на целата Влада која требаше да ги спроведе овие заклучоци на Собранието и веќе еднаш да го симне од дневен ред ова прашање и да имаме поцелосна рамка во која што ќе се движи финансирањето на вработените во органите на управата. Тоа е, така да речеме една од првите конкретни забелешки кои што беа истакнати на Комисијата и која што сметам дека треба да најде свое место при подготвувањето на Предлогот за Републичкиот буџет за 1993 година. Навистина и Министерствата и целата Влада треба еднаш да ги донесе тие систематизации и тие правилници кои што дел се изработени, дел се во изготовка, но тие веќе треба еднаш да бидат на маса и во Предлогот на Буџетот кој што треба да го донесеме до 3 0 јуни во делот на финансирањето на платите го имаме тоа што ни е заклучок донесен на крајот на декември 1992 година.

Исто така, во делот на тие заклучоци кои што беа донесени од наша страна како Собрание беа утврдени одредени приоритети во финансирањето за 19 9 3 година, а пред се врз основа на амандманите што беа доставени од пратениците по Ребалансот за 1992 година.

Исто така сакам да кажам дека како Комисија имајќи го во предвид износот на обемот на Буџетот за 1993 година кој што е утврден и кој што е максимиран како Комисија предложивме одредени дополнувања и изменувања во вид на забелешки и кој што треба да најдат свое место во Предлогот на буџетот, но не бевме со интенција да предлагаме одредени драстични зголемувања кај одредени раздели и позиции сметајќи на можноста која што е целосно утврдена но преку нашите забелешки се потрудивме на некои начин да го ставиме на хартија она што сметаме

дека не треба да се финансира, она што сметаме дека во помал износ треба да се финансира она што сметаме дека од одредени раздели и позиции треба да се насочи на други раздели и позиции, пред се она што беа нашите заклучоци од утврдувањето на Ребалансот за 1992 година.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани претседателство, почитувани пратеници, морам во почетокот при разгледувањето на Нацртот на буџетот за 1993 година да ја потврдиме констатацијата дека Нацртот на буџетот го разгледуваме или утврдувањето на цената на власта за 1993 година со големо закаснување. Сигурно тоа не не оправдува за што има една објективна околност, затоа што како причина стои закаснувањето пред се произлегува од таму што се изврши една корекција во делот на макроекономската политика и квантификациите во утврдувањето на општествениот производ, а како дел од таквите промени произлезе и промената на квантификациите во поглед на утврдувањето на самиот буџет. Во нормални околности сигурно овој недостиг би бил голема забелешка на сите нас во Собранието, затоа што цената на власта се утврдува на почетокот на годината и за остварувањето на буџетот под каква утврдена цена на власт се гледа и односот на законодавната власт за она што се определила бидејќи во основа и тој дел на обврските се на самото Собрание.

Сметам дека она што сега го имаме како состојба не смееме и понатака да го поддржуваме и понатаму да го конципираме буџетот или

цената на власта врз основа на состојбите што ги имаме отворено со тоа да не укажеме на забрзување на потребата од спроведување на веќе започнатите реформи во стопанскиот систем, а пред се во делот кога зборуваме за Буџетот, на промените што треба да настанат по приходниот дел, или во структурата на приходниот дел. И понатаму, по структурата на приходниот дел нас ни останува или ни доминира со 2/3 дел на зафаќањето од делот на данокот на промет, тоа е една третина и 1/3 буџетот се формира од платите. Промилите упатуваат на тоа да делот на Буџетот мора на одреден начин да се врзе со големо забрзување на тие промени на добивката и остатокот и само тој дел може да биде еден сигурен извор кој што нема да има инфлаторни дејствија. Инаку, сигурно сите овие елементи што сега ги имаме, како ние го конципираме Буџетот во секој момент во негова недостаток ќе водат кон дефицит на Буџетот, а со самото тоа и кон зголемување на инфлацијата или еден индикатор за зголемување на инфлацијата. Ова посебно на почетокот го истакнувам од причина што нашата обврска и понатаму останува во делот на промените на стопанскиот систем уште веднаш му пристапиме на еден сегмент а тоа е делот на даночниот систем кој што треба исто така да дојде што побрзо на дневен ред затоа што тој ќе предизвика една таква промена во изворните приходи.

Исто така, структурата на расходите се останува таква како што ја затекнавме во почетокот на мандатот. Иако се преземени или се покренати многу иницијативи за реформа во расходниот дел посебно на структурата во расходниот дел на големите потрошувачки нашата партија, Реформските сили ЛП покрена иницијатива за реформи во сферата на одбраната и на заштитата со индикација и на утврдување на таа цела која што би била после реформата. Да се оцени колку би била

таа цела вградена во Буџетот. На жалост реформата е на почеток, најавени се некои сегменти но немаме елементи за нејзино искажување во финансискиот дел.

Исто така, во делот на искажувањето на другите потрошувачи односно другите делови кој се финансираат од Буџетот, значи' промени во тој дел се многу малку направени, па од тука сигурно и многу малку промени во самата структура на расходите на Буџетот.

Во делот на концептирањето на Буџетот, и во воведниот дел министерот нешто посебно коментираше, но за мене останува една нејасна квантификација тоа што со промените во макро- економската политика на РМ, кој што на одреден начин во Владата се утврдија во месец април изменет е скоро за 50% или проценките се за 50% на остварување на општествениот производ и тој е квантифициран некаде на 104 милијарди денари, деноминирани, а во таа структура предвидено е Буџетот да учествува со 17,4% а јавната потрошувачка со 30,8%. Вака како е предложен Буџетот останува дека за помалку е квантифициран од макроекономската политика за некаде 20% или за скоро 3 милијарди денари. Сметам дека во делот на, после изготвувањето односно после расправата од нацртот ова треба да се усогласи затоа што останува една резерва на неусогласеност на макроекономската политика и предложениот буџет што сега го имаме.

**ПЕТАР ЃОРГИЕВ**: (Продолжение)

Сега неколку начелни забелешки во делот на утврдувањето на одредени позиции, посебно укажувам на тоа што иако заложбите беа на Буџетот во основа да биде за финансирање за државните органи или органите на власта, во него се додека не се најде друг механизам постои сегментот или позицијата за одвојување на средства за стимулации во или за делот на буџетот за стопанството. Тој дел на финансирање на одредени средства наменети за стопанството бележи испод просечно зголемуваше во однос на односите или структурата што ја имал во претходниот буџет и се бележи пораст само со 419%, додека просечно зголемување на квантификациите на вкупниот буџет е 694%. Сметам дека се додека не се најдат други механизми за интервенции во стопанството би требало на одреден начин да се задржи бар просечниот пораст на буџетот а сигурно има одредени позиции кои што треба да имаат посебни приоритети, а јас би ги спомнал само позициите од делот на искуствата што ги имаме досега во делот на стимулациите за извоз, позицијата за делот за супституција на претпријатијата што ги супституираат изворите на енергија и други, и други позиции во сферата на стопанството.

И, понатаму, останува во делот на интервенциите за стопанството или во таа позиција, тоа е втора забелешка и покрај тоа повеќе пати е укажано на учеството или на евидентирањето, таму, на одредени намени кои што немаат врска со стопанството. Треба тие намени да се издвојат, селектирани се нешто е направено, но уште повеќе треба да се селектираат и тие намени не сум за да не се во Буџетот, туку да си најдат свое место во друга структура каде и што припаѓаат. Инаку ги има,не би ги набројувал таму каде што има некаде 40-50 учесници во делот на стопанството можат да се издвојат и јасно се знаат и

предлагачот односно Владата знае на кој намени се мисли и треба да ги стави на местото каде што припаѓаат, а со самото тоа ќе се селектира и ќе се намали ставката која што обично се вели де служи за интервенција во стопанството.

Имам уште една начелна забелешка, незнам другите дали ќе се сложат, мене ми смета вака обемен текст на Буџетот, посебно дос е разгранет делот на судската власт. Делот на законодавната делот на останатата власт е доста сублимиран по намени, додека во делот на судската власт се оди дури до прецизирање на одредени позиции по општинските судови. Сметам дека тој дел треба да отпадне и бидејќи имаме една голема централизација во делот на судската влас во организационите форми, сметам дека тоа треба да отпадне, а знае дека најголем дел од тие средства се наменети за лични доходи. Оттука сметам дека не би требало такво детализиран»е на сите општински судови бидат набележани туку да се внесат критериуми и врз основа на тие критериуми сите општински судови да се финансираат. Инаку овде на одреден начин има доста големи разлики без посебни критериуми н веројатно кој каде се затекнал, пораст му се дава од претходните години, а со таквата квантификација мислам дека не се постигнува самата цел, туку мора да се предизвика и таму низ една таква форма на финансирање со критериуми одредена сигурна обврска и за реформи од тој дел на судската власт посебно во делот на структурата на вработените и потребата од финансирање на таква структура.

И на крајот би сакал да поставам прашање односно потреба од едно објаснување во врска со реализацијата на донесениот закон за преземање на дел од обврските по одделни кредити на Стопанска банка и поранешна Југобанка, која сега го измени својот назив во "Службен весник на РМ" број 26/92, кога законски од Собранието е преземена

обврска за преземање на дел од обврските и е кажано во самото преземање дека ќе се обезбедат средства од Републичкиот буџет Јас не можев да најдам таква ставка која што ќе обезбедува покритие, а она што можев да го видам како обврски, не е мала обврската и не- каде изнесува околу 2 милијарди сега деноминирани денари и сметам дека доколку има голема разлика од она што е утврден буџет од макроекономската политика останувaат скоро три милијарди да се вгради так- вата обврска и да се усогласи Нацрт - буџетот со макроекономската поли тика, а оваа намена да се покрие со реални средства, инаку е отворен и законската обврска не може да се реализира поради тоа што нема обезбедено средства. Доколку тоа не е можно таквата обврска на одреден начин да се обезбеди преку одложување на плаќање на тие обврски, ако се веќе одложени или на одреден начин да се интервенира во одлагањето. Инаку, доколку не се реализира ќе бидеме во ситуација и понатаму да зборуваме за неликвидни банки, банки кои што не можат да го следат стопанството и банки кои што на одреден начин не може да се вклучат во овие промени што сега ги имаме.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, навистина е тешко да се изготви Нацрт-буџет во услови во какви што сме. Сигурно тука пред се ја имам во предвид блокадата што постои, недефинирани модалитети за сервисирање на останатиот долг од странство, процесот на трансформацијата итн. Меѓутоа, и во вакви околности сакале или не мораме да се ангажираме сите за донесување на Буџетот за оваа година бидејќи истиот доцни. Мораме сите во склопот на нашите можности и во склопот на постојните прилики да донесеме буџет кој треба да биде одраз на реалните можности.

IV/4

Со оглед на тоа што Буџетот го разгледуваме во фаза на Нацрт верувам дека дел на наши укажувања и забелешки ќе бидат корисни за изготвување на предлогот на буџетот. Еве во што се однесуваат моите забелешки и предлози:

Кога се зборува за претпоставките за изготвување на Нацрт-буџетот, една од тие претпоставки е ефикасноста на наплатата. Кога сме тука сметам за потребно да истакнам дека оваа претпоставка е базирана на постојниот систем на наплатата на приодите. Меѓутоа, со оглед на трансформацијата на стопанскиот систем неопходно е потребно и трансформација на наплатата за што има потреба и трансформација на финансискиот систем. Без формирање на финансиска полиција во склопот на постоечките финансиски организации не ќе имаме добри ефекти. Ние во оваа трансформација веќе доцниме и затоа во голема мера веќе постои финансиска недисциплина што е потенцирано и во образложението на Нацрт - буџетот.

По повод расправата за буџетот во 199 2 година дадовме забелешки за финансирање на научните институти во смисла на вклучување и на научни работници од редот на албанците и другите. Меѓутоа во образложението се истакнува дека со тие средства е направена само една рокада од класичното финансирање на истите на финансирање преку Министерството за наука и ништо повеќе. Бидејќи овие средства се прибираат од сите граѓани на Републиката, нивните резултати треба да се повратат повторно на сите граѓани. Меѓутоа, овде тоа не се случај. Со оглед на тоа што ова наше укажување на овој проблем веќе се повторува неколку години, сериозно се поставува прашањето на натамошното финансирање на овие институти од страна на националностите. Токму поради ова може да се очекува и бојкотирање на дел од давачките кој што се влеваат во Републичкиот

буџет. Друго решение овде не се гледа. Резултатите на работењето на овие институти или ќе бидат во корист на сите граѓани и за сите граѓани на Републиката, и. ќе ги финансираат само тие кои што добиваат противуслуга.

Кај приходите од царината нема новина од она што беше пред видено и во Буџетот за 1992 година. Кога го донесовме законот за царини се разви голема дискусија околу намалувањето на царинските тарифи за увоз на моторни возила од странство. Од страна на Владата ни беше речено дека тоа ќе се уреди со новиот закон за царински тарифи, меѓутоа ни трага од тој закон, а и овде во образложението не стои ништо за тоа.

Во образложението кај расходниот дел е предвидена и изградбана станови за македонците од Егејскиот дел на Македонија и други повратници. Се поставува прашање до кога ќе градиме вакви станови кога состојбата на теренот кажува нешто друго, дека доста повратници се повратија на своите поранешни имоти во Република Грција, а нивни' станови се предмет на разни злоупотреби.

Кога сме кај компензацијата на дел на трошоци за издавање на весници сакам да укажам на потребата за компензација на трошоците "Флака е влазеримит" за да може истата да излегува секој ден и да има третман на дневен весник. Не сакам да одземам време за тоа што значи сите граѓани да бидат рамноправни во сферата на информирањето. Со овој нацрт е предвидено и финансирање на списанија, а за "Флака е влазеримит" нема средства за да стане дневен весник.

Исто така сметам за потребно да се испита регресот за патниот сообраќај, а сум и за укинување на регресот за жичарници. Тие што одат на скијање сметам дека нема потреба за регрес, а за регрес има оние граѓани кои не можат да излегуваат на крај со личните примања.

Исто така, сметам дека треба комплетно да се преиспита потребата за учество во финансирањето на програмите на општествените организации и друштва, здруженија и сојузи, за кое учество се предвидува 1114 милиони денари, во кој износ се влезени средствата за платени материјални трошоци и други надоместоци.

Исто така, е потребно да се изврши соодветна рационализација кај сите корисници на Буџетот со донесувањето на нови акти за систематизација. Тоа веќе неколку години наназад се повторува, но за жал конкретни резултати на овој план немаме. Треба да се процени на овој план можноста од рестрикција на дел на издатоци кај МВР и народна одбрана. Сметам дека без донесување на Законот за инспекција, Законот за финансиска инспекција, Законот за ревизија на претпријатијата. Законот за обавување на платниот промет и Законот за царински тарифи сметам дека и Буџетот за оваа година нема да биде одраз на реалност и истиот може да претрпи ребаланс до крајот на годината.

И на крајот едно генерално укажување, за сите средства што се интервенира од Буџетот за учество во изградба на објекти кои им републички карактер за што сметам дека истите не треба да се дадат како неповратни средства туку да имаат таков третман каде после во воведувањето во функција на тие објекти тие средства од нивната дејност што ќе ги реализираат таквите средства да се повратат повторно во Буџетот на Републиката.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Веќе трета година од пратеничкиот мандат на ова Собрание прво повеќепартиско, исклучоците во донесувањето на буџетите како да стана правило, буџетската година се продолжува, буџетот доцни половина година, за мене лично без методологија која веќе три години во

Комисијата за финансирање и буџет се поставува пред Владата и пред Министерството за финансии за да пратениците добијат и бидат ставени во позиција на активен однос при донесувањето на Буџетот. Сметам дека досегашниот однос на релација Влада - Собрание при донесувањето на буџетот треба целосно да се промени и Комисијата за финансирање и буџет да ја добие својата вистинска улога, да има активен однос и да бара, а Владата и нејзините претставници да даваат отчет за секоја стапка која што се предлага и нуди во нацрт или предлог- буџетот на Република Македонија.

Вака сме ставени во една пасивна состојба, прифаќаме бројки кои што се наведени без некое чувство на некоја одговорност, секогаш во стилот дека она што сега го носиме со наредни ребаланси ќе биде променето, така да не е ни толку битно како ќе биде димензиониран буџетот во целина и одделните ставки во структурата на приходите и расходите на буџетот. И, што е најбитно без одредена претходна анализа Тоа е, според некој, некои пратеници ќе кажат во надлежност на Владата. Одделни надлежности од министерствата сами си ги утврдуваат своите обврски, сами ја утврдуваат динамиката, можеби критериуми за финансирање на одделни дејности, намени кои спаѓаат во нивна надлежност, меѓутоа сметам дека тоа воопшто не е аргумент за оправдување заради тоа што токму она што го извршува Владата и надлежните министерства треба претходно да биде утврдено во структурата на Буџетот на РМ. Затоа сметам дека поентата на буџетската потрошувачка треба да биде евтина држава односно администрација, државна управа што ќе придонесе на приходната страна во соодветните материјални закони да ги намалиме стапките на даноците, царините, таксите, придонесите со што ќе овозможиме да се подобрат условите за стопанисување и поголем дел од профитот да остане во стопанските субјекти кои и го создаваат за да можат да ги

почувствуваат благодетите од тоа нивно работење. Сега моментално буџетот, таквата критика беше изразена и во Комисија за финансирање и буџет, а веќе трета година, трет буџет така на ист начин носиме се носи за нас по некоја методологија која е воз без возен ред. Се што се затекна, се што ќе поднесе од општествените дејности барање за финансирање во буџетот односно во Министерството за финансии се собира и според логиката кој со кого нему и повеќе и помалку без претходно изготвени критериуми се утврдуваат ставките в< буџетот.

Затоа сметам, тоа и во Комисијата за финансирање и буџет од моја страна беше предложено, а и Комисијата сама неколку пати досега при разните фази на донесување на Буџетот го поставуваше, сметам дека Владата треба да излезе пред овој Парламент, а тоа е, да излезе со програма за димензионирање на системот на одбраната со динамика за развој на тој систем за да знаеме се што се планира и предвидува во системот на одбраната да биде оправдано односно пратениците да гласаат или не во ставките кои се предлагаат во Буџетот.

Понатаму, да се донесе програма во овој Парламент со изготвени критериуми за мрежата на дипломатско - конзуларните претставништва на РМ во странство, затоа што барем засега, некој ќе каже, Владата сама ги димензионира и утврдува тие критериуми. Точно е дека Владата сама ги утврдува, меѓутоа, која Влада како ќе доаѓа така и самостојно сметајќи дека некого треба да го постави некаде во странство може и да ги отвара или не тие дипломатско конзуларни претставништва.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (продолжение)

Затоа сметам дека во една програма што треба да ја понуди владата Собранието треба да ја утврди мрежата на дипломатско - конзуларните претставништва а да и дадеме одредена динамика на отворањето на овие дипломатско - конзуларни претставништва, за да знаеме колку ќе не чини тоа во Буџетот на Република Македонија.

Понатаму, сметам дека трета година изгледа како напразно да зборуваме и да предлагаме и да бараме од Владата да се донесе од Владата програма за рационализација на општествените дејности, кои се јавуваат како непосредни корисници од Буџетската потрошувач со изготвени критериуми, здравство, образование, спорт, физичка култура, култура итн., уметност, оваа Република и оваа Влада на пратениците во Собранието да му каже како ќе се рационализираат овие општествени дејности за да можеме и ние да знаеме што од она што се наследи како државна сопственост од општествените дејности, ќе остане како државна дејност финансирана од буџетот, а што ќе се продаде за да функционира според пазарните критериуми и законитост

Понатаму, сметам дека треба да се донесе под итно програма за рационализација на органите на управата и управните организации со критериуми. Ние кога го донесовме законот за судството, за судовите се предлага, а и во уставот е отворена таа обврска дека критериумите за утврдување на бројот на судиите ги утврдува парламентот. Истата таква определба треба да се прифати во поглед на целокупната администрација, административен апарат. Затоа, во сите органи на управата и управните организации овој парламент треба да ги утврди критериумите според некои објективни стандарди што ќе биде основа за вработување или менување на раководни лица во органите на управата

и управните организации за да не и се случува секоја администрација или Влада како ја менува својата позиција да си носи нови гарнитури кои што остануваат на товар на буџетската потрошувачка со зголемен број на административни работници. Исто так. предлагам Владата да подготви и да понуди на Собранието систематизација на работните места со опис на работните задачи и правилници за платните коефициенти со висина на платниот коефициент кој што ќе ја утврди ова Собрание за да при димензионирањето на буџетската потрошувачка и кај пратениците во Комисијата за финансирање и буџет цела работа се сведе на една обична математика. Такви критериуми имаме за финансирање на толку илјади луѓе, толку административни работници во тоа министерство, во тие подрачни единици за да може и пратеникот имајќи ја предвид каков е коефициентот што го носи секое работно место и висината на коефициентот да може едноставно и многу лесно да направи пресметка , па да види и да изврши проверка дали она што се нуди е навистина рационално и оптимално.

Исто така, потреба да се направат критериуми за финансирање на основните функции на општините. Не е оправдување дека законот за локална самоуправна ако не сме го донеле дека секогаш кога општинските буџети не ќе можат да ја завршат, да ги покријат трошоците, буџетската година, да се обраќаат за позајмици во Републиката од буџетот на Република Македонија. Затоа, сметаме дека Владата треба во оваа насока да ни поднесе една информација за користењето на постојната буџетска резерва. Ние досега според нашите закони имаме дадено објаснување, законот за извршување на буџетот, имаме дадено овластување Владата односно министерот за финансии да склучува договори за позајмици на одделни корисници, па и на општините,

меѓутоа немаме никаква повратна информација. Дали тие средства кои се пласираат од буџетската потрошувачка утврдена како постојна буџетска резерва во висина од 9 ипол милијарди стари денари, дали тие средства навистина се враќаат во буџетот како што биле искористени, или се рефундираат и остануваат како неповратна позајмица за тие корисници кои што поодделни договори со министерството ги добиле. Што е најбитно, Собранието што побрзо да го добие пакетот на закони за заокружување на даночниот систем за да може со систем изграден на контрола и ревизија да создадеме финансиска дисциплина кај даночните обврзници, ефикасен систем на наплата и надминување на состојба на инвазија од плаќање на даноци, односно одбегнување на плаќањето на даноците, заради што и буџетот ни останува празен. А во тие рамки потребно е да се изврши и санација на банкарскиот систем, за правилно функционирање на банките и платниот промет. Затоа, сметам дека при донесувањето на буџетот треба да ги имаме предвид сите овие аналитички согледувања, податоци и информации, кои на пратениците ќе им дадат реална претстава за тоа што означуваат бројките кои се предвидени за да не ги гласаме по инерција со отчувство на чувство за одговорност како тој буџет ќе се остварува и како сето тоа се одразува врз висината на даночните, царинските стапки и таксите што го оптоваруваат даночниот обврзник и граѓанинот на Република Макeдоија.

На крајот неколку конкретни забелешки, кои сметам дека во позициите кои се дадени би требало да се преработат и Владата до фазата на изготвување предлог да ни ги аргументирано образложи.

На позиција 17, конто 415, раздел 2 опрема за гласање и клима уреди во салата на Собранието веќе три години носиме такви одлуки во

Собранието, три години предвидуваме средства, некаде некој ја кочи работата околу ефикасното работење на Собранието за гласањето и за преуредувањето на салата како што одлучивме.

Трета година се предвидуваат вакви средства, колку што повеќе се пролонгира се зголемуваат трошоците за изградба на тој систем за гласање и на клима уреди. Затоа, сметам дека Владата треба да каже која е кочницата што не се реализира оваа ставка и дали само ќе ја повторуваме со зголемен обем на средства чекајќи некое подобро време кое се одразува и врз висината на трошоците.

Позиција 226, конто 433, раздел 21 сметам дека Републиката треба да утврди поголема сума за пошумување на голините на она што е предвидено на околу 10 милиони сегашни денари .

Во позиција 362, конто 418, раздел 29 предвидена е стапка од основачки влог за македонска информативна агенција која што ова Собрание ја основа создаде обврска со свој акт, одлука за основање на агенцијата, меѓутоа, како да и парламентот и Владата заборавија дека имаат некоја обврска која што ја создале со свој акт. Затоа, сметам дека овие средства кои се предвидени од 4800 илјади сегашни денари Владата даде образложение. Дали тој влог секоја година се мултиплицира, бидејќи беа предвидени и во претходните два буџети, дали почнала со работа таа агенција и кога ќе почне за да не ни фигурира само ставка основачки влог секоја година.

Во разделот 29, позиција 365, конто 431 компензација на дел од трошоците за издавање весници предвидени во висина од 25 милиони сегашни денари. Сметам дека конечно ова Собрание да го надмине ова прашање што го постави на дневен ред, состојбата на средствата за јавно информирање, пред се, оние чиј што основач била и е Републиката, Македонската телевизија и Нова Македонија. Републиката

да се дефинира што е нејзин државен капитал , што ќе финансира непосредно од буџетот, а што ќе се постави врз пазарни критериуми за да функционираат сите средства за јавно информирање. Вака доаѓа кој со кого е во врска со Владата тој може да издејствува и да добие средства за финансирање на трошоците за издавање весници за јавните гласила. Ако сме определени за слобода во информирањето, пазарен и закономерности во функционирањето во оваа сфера од општествениот живот, -сметам дека неоправдано ќе биде да се издвојуваат средства само за оние монополи во информативниот простор, а за останатите кои се пројавуваат како приватни средства за јавно информирање без некои критериуми Владата ништо да не партиципира. За да дадеме образложение и за да го надминеме тој проблем, сметам, дека Владата треба во поглед на оваа позиција да утврди преку соодветни акти што ќе ни ги понуди критериуми за финансирање што ќе ги донесе собранието или целосно да го преземе финансирањето на македонската телевизија, на Нова Македонија, дневните изданија, на македонски, албански и турски јазик, и на јазиците на националностите за да сите имаме еднаков пристап во оваа сфера.

Што се однесува до раздел 32, позиција 390, 418 сметам дека треба да се избрише во оваа фаза на донесувањето на буџетот. Тоа е ставка попис на населението, домаќинствата, и земјоделските стопанства. Ние сеуште не сме донеле закон за нов попис, стариот попис помина и затоа без прејудицирање на одделни законски решенија кои би биле или не би биле донесени во ова Собрание, овие средства не треба да бидат предвидени.

Наредните ребаланси ако се донесе таков закон за дополнителен попис за оваа година, за што треба претходно да одлучи ова собрание, отпосле тоа ќе се предвиди во ребалансот.

V/6.-

Во разделот 19 сметам дека во расходната ставка средствата за посебни намени да се исполни заклучокот што го донесе ова Собра- ние, при усвојувањето на ребалансот за буџетот за 1992 година, што го усвоивме на крајот од минатата година, а тоа е да се исполни заклучокот да се обезбедат средства како посебна ставка за финансирање на системот за заштита на Дојранското езеро, што ова Собрание како заклучок го донесе, а дел од тие заклучоци ги цитираше и претседателката на Комисијата за буџет и финансирање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Во Нацрт - буџетот за 1993 година на страна 12, раздел 16, под реден број 168, конто 433 е предвидено финансирање на програмата за електрификација со сума од 2 милијарди и 200-тини милиони денар Се разбира, на деноминирани денари. Познато Ви е драги пратеници дека јас на неколкупати сум го поставил прашањето за не електрифицираните села во Липковскиот крај, во општина Куманово. На поставеното прашање одговорено ми е дека истите се предвидени да се електрифицираат во текот на оваа година. Оттука и моето залагање и сугерир за да се финансираа електрификацијата на селата Стрима, Преснице, Орковце, во Липковскиот крај.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа во вчерашната расправа на две комисии за Нацрт - буџетот на Комисијата за образование, наука и култура и Комисијата за труд и социјална политика беше истакнато, јас ќе се задржам само на дел што се однесува на физичката култура и спортот

дека средствата што се предвидени во Нацрт буџетот, како впрочем и за останатите дејности ни од далеку не ги задоволува вистинските потреби, па е кажано и заклучено дека во неколку ставки е предвидено за она што значи квалитет во Македонскиот спорт да тие ставки се зголемат, особено за активностите на она што значи потенцијал за наредните олимписки игри, зимски и летни што ни престојуваат. Меѓутоа, јас морам да напоменам дека состојбите во Македонскиот спорт се значително изменети од причини што до крајот на месец јуни оваа година сите наши спортски сојузи ќе бидат членови во меѓународните соодветни спортски асоцијации, а тоа зачленување , само зачленувањето не е бес пари. Тоа чини. Зависно од поедините спортски асоцијации, меѓународни потребите за котизација, потребите за разгледување на молбите на нашите спортски сојузи се движи некаде меѓу петстотини и две илјади швајцарски франци. За жал, во Нацрт- буџетот, иако на неколку пати сме укажувале на тоа нема ставка само за котизација.

Од друга страна, средствата што се предвидени за овие така 1 наречени потенцијални олимписки кандидати во индивидуалните наши спортови, кои ни 20% не ги покриваат потребните трошоци , од тие исти ставки се јавуваат сега и нови баратели. А тоа се, нашите репрезентативни состави, во екипните спортови. Да не заборавиме дека на прагот сме на квалификациони турнири за учество на сите наши екипни спортови, а тоа се фудбал, ракомет, кошарка и одбојка во машка и женска конкуренција и нивна потреба од квалификациони настапи за учество на Европски и светски првенства. За тоа ништо не е предвидено во Нацрт на буџетот. Јас во овој момент навистина незнам од каде би зел и би додал, меѓутоа, напоменувам дека доколку и по- натаму Собранието стои на констатацијата дека спортот е најбрзото, најефикасното и најевтино афирмирање на нашата млада држава, тогаш ќе мора во што е можно поскоро време да расправаме за можностите

да се помогне на македонскиот спорт. Ние имавме во постапка, ако се сеќавате, и предлог закон за донесување на закон за така олимписка марка од која што значајни средства ќе се собереа и ќе беше помош на спортот од замеае непознати причини тоа е стопирано.

На крајот мораме да поразговараме за спонзорството онаков вид спонзорство, како што е тоа речено во сиот напреден свет. спортот во напредниот свет е базиран на спонзорство, меѓутоа, со посебни регулативи. Кај нас, за жал, тоа е сеуште диво. Ние како држава бараме спонзори, бараме помошници за спортот, тие се јавуваат и ние уште еднаш ги казнуваме со даноци. Е, па тоа не може така. Ако сакаме спорт, ако сакаме врвен спорт, а тоа се надевам дека сите го сакаме тогаш мораме да најдеме можности она што се дава како спонзорство и тие средства што се трошат за оваа афирмативна дејност, тогаш тоа треба да биде ослободено. Но, затоа ќе има потреба од сериозни расправи во идниот период за состојбите и проблемите во македонскиот спорт.

VI/1.- ДВ-ВБ

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сигурно дека донесувањето на буџетот е крупна работа за Републиката и затоа се потреби и сите услуги да може тој да се донесе благовремено и да ги задоволи сите побарувачи од него, што навистина е тешко. Меѓутоа, бидејќи е нацрт забелешките се нужни и тие забелешки изготвувачот ќе треба да ги земе предвид и на некој начин да најде и соодветно решение.

Моите забелешки се не само мои лично туку и забелешки на граѓаните од градот Титов Велес и на општинското собрание. Забелешките базираат врз основа на заклучокот на Собранието на РМ донесен на седницата одржана на 31 март и 1 април 1992 година, а кој гласи: "Се задолжува Владата на РМ да изготви програма за решавање на проблемите со водоснабдувањето во Републиката при што приоритет да даде на хидросистемот "Лисиче-Титов Велес". Имајќи ја предвид потребата од изготвувањето на Програмата за решавање ; на овие проблеми во Републиката, а во тој контекст утврдениот приоритет во изградбата на хидросистемот "Лисиче", сметам дека е неопходно прифаќање на следните забелешки на Нацртот на Републичкиот буџет за 1993 година.

Во раздел 19 Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, група 43 - средства за поттикнување на развојот и инвестициите во стопанството се додава нова позиција 201-а со конто 433, со поблиска намена, довршување на изградбата на хидросистемот "Лисиче" како интегрален дел од Вардарскиот слив во Република Македонија, средства 30 милиони денари.

ВО раздел 21 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, се додава нова позиција 222 со конто 433, со поблиску намена - довршување;:на- изградбата на хдиресистемот -"Лисиче" 20 милион денари.

VI/2.-

Кои се причините што ова се предлага.

Хидросистемот "Лисиче" претставува проект за водоснабдување на 50 илјади жители и ќе претставува решение на една најзагрозена животна средина. Во овој момент се вбројува меѓу најзначајните и инвестициони зафати во Република Македонија.

Во изминатите 5,5 години со средства исклучиво од месниот саморпидонес и со дадаток скоро 1 до 2% од Републиката успешно е завршена градбата на филтер - станицата за прочистување на водата за пиење со капацитет до 600 литри во секунда , доводната цевковод долг 20 километри.

Моментално во тек е надградбата на последниот објект од хидросистемот, браната "Лисиче" каде градбата е изведена над 25%, додека фронтот за работа е отворен за 100%. Можноста од изградбата на овој објект произлегува од фактот што овој регион претставува најзагадена животна средина во Република Македонија и тоа пред се на водите на реката Вардар, на почвата и воздухот, што имаат несогледливи последици врз здравјето на населението, затоа што градот се снабдува со вода за пиење од рени-бунарите на областа на реката Вардар чија загаденост е од IV степен и неупотреблива. Рени-бунарите се во непосредна близина на топилницата оддалечени од 200 до 300 метри и почвата е загадена со тешки метали: олово, калиум и цинк, а самото^ земјиште каде се бунарите е богато со манган што во водата на бнарите е десетоструко над максимално дозволената количина. Какви" последици од ова може да се очекуваат не е потребен коментар.

Издашноста на бунарите е само 60 литри во секунда од која количина половина оди во индустријата, така да скоро цела година се оди на редукција водоснабдувањето и граѓаните имаат вода само 2 до 3 часа во денот и тоа само за санитарна употреба додека за пиење и готвење одат по изворчињата и чешмичињата во околината на  градот која пак од своја страна е хемиски и бактериолошки неисправна

Сегашната алармантна состојба со водата која се карактеризира и со чести епидемии на цревни и заразни заболувања како што е хепатитот и тифусот како и хемиски неисправна вода, наложува итни мерки за доизградување на хидросистемот "Лисиче" што за градот би значело дефинитивно напуштање на водоснабдувањето на градот од реката Вардар чиј води се неупотребливи ни за наводнување ни за поење на стока, континуирана снабдевеност на населението со планинска карсна вода за пиење, наводнување на 4,5 илјади хектари плодна земјоделска површина односно производство на здрава храна, полнење и ревитализација на езерото "Младост", подобрување на микро-климата во регионот, заштита од порои и поплави,наноси на целото подрачје.

Со обезбедувањето на средствата од Републичкиот буџет заедно со средствата од самопридонесот, чиј месечен прилив е 3 милиони и 200 илјади ќе се овозможува започнувањето на работата на насипот, телото на браната, што претставува последниот чекор во конечното решавање на проблемот на градот со вода за пиење. Истовремено и • изградбата на хидросистемот "Лисиче" е неопходна и поради фактот што тој претставува првиот објект од започнувањето на изградбата на мега - проектот Вардарски слив во Република Македонија. Недоделување на бараните средства би значело обуставување на градбата, повлекување на градежната оператива што би имало катастрофални последици за проектот.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Неповолните трендови во стопанството уште пожестоко се одразуваат врз здравството во Република Македонија. За оваа состојба постојат многу повеќе причини што во кратки црти ќе ги изнесам, а за некои ќе се и повеќе надоврзам за да ја образложам причината во врска

со Буџетот, Нацртот за 199 3 година го образложам , што се однесува за оваа дејност.

Најголемата причина за неповолните состојби во здравството се недоволното собирање на придонесите. Од година во година придонесите се во помал обем се собираат, а поготово оваа година нивното не собирање достигна и кулминација. Имам некои сознанија дека здравството наместо да биде како што е и во Законот за здравствена заштита дефинирано како организација од посебен интерес во член 9, таа станува организација без никаков општествен интерес, бидејќи нејзините средства се одлеваат во други стопански организации. Имено, имам сознание дека средствата парични што се исплатени во некои работни организации за изминатиот месец се однесуваат и на неуплатување на придонесите и за здравствено осигурување. Тоа се однесува за градежните работници за Железара, "Македонка" итн.. што.,значи место тие .нас ,како дејност до посебен општествен интерес да не финансираат, она што ни припаѓа ни го одземаат.

Понатаму придонесот од 8,6 од бруто личен доход е сеуште мал укината партиципација од страна на Уставниот суд на Македонија пред неколку месеци, понатаму недоволно ангажирање на државата односно мал удел^од Буџетот за финансирање на одделни здравствени дејности како и недоволната рационализација во здравството.

Тоа ни е сега трет буџет што го носиме во ова Собрание. Сите забелешки од страна на здравствените работници во однос на тоа буџетот да биде проширен во однос на превентивата и дијализата остануваат и до дене денеска безуспешни заради тоа што Законот за здравствена заштита донесен пред две години, во 1991 година не носи никакви основи со кои би можеле ние да влеземе во Буџетот и Буџетот да алиментриа одредени дејности од превентивата и дијализата.

VI/5.-

Токму затоа Комисијата за здравство на неколку свои состаноци на почетокот на јануари донесе заклучоци во кои треба да се реализираат санирање на загубите во здравството под итно, второ, измена на Законот за здравствена заштита донесен пред две години и трето, изготвување на нов закон за здравствена заштита кој ќе ги користи законските односно уставните прописи од Уставот од 17 ноември 1991 година.

Покрај состаноците на Комисијата за здравство беа одржани и други состаноци со претставници од Клиниката за нефрологија, од Секцијата за нефрологија, како и еден таков состанок беше одржан со претседателот на Собранието на РМ господин Стојан Андов на 30 април каде беше договорено за дејствувањето на членовите од Комисијата за здравство и лекарите од Парламентот како и други субјекти во врска со измените на Нацртот на Буџетот за 1993 година. Еден таков состанок требаше досега да се одржи со претседателот на Владата на РМ. Јас незнам од кои тешкотии, меѓутоа денес таков ќе се одржи за и на него тие работи му бидат изнесени. Имено, Министерството за здравство доби за задача да изврши измена на Законот за здравствена заштита, меѓутоа, еве поминаа 5 месеци а тој закон сеуште не може да стигне во собраниска процедура и се заложивме овие измени во законот да течат пред донесувањето на Буџетот односно во овој момент пред Нацртот на буџетот.

Се предвидуваат повеќе измени во Нацртот на буџетот. Имено, во минатата година Буџетот кога беше донесен беа предвидени 445 милиони денари, зборувам во денари пред деноминацијата, а сега со Нацртот на Буџетот се предвидени 3,5 милијарди денари. Тоа значи инфлацијата просто ги изела овие пари. Така да сегашните 3,5 милијарди не придонесуваат никаков придонес во превентивната дејност.

VI/6.-

Според тоа за да би можеле нешто повеќе да направиме аз да навлеземе во оној дел каде и државата треба да алиментира во однос на превентивната дејност и во дијализата, предлагаме да дојде до изменување.

Имено, за позицијата 346 да се додадат 2 милијарди 770 милиони денар

Тука се предвидува за водите кои со одлука треба да бидат формирани тие 10 на РМ кои се во процедура во Собранието, а од кои причини нивното изготвување не е донесено, за мене до ден денес не е познато

Понатаму за позиција 347, спречување на заразни заболувања потребно е да се обезбедат околу 3 милијарди и 200 милиони денари. За нова позиција за спречување на ширењето на туберкулозата која во последно време на поодделни региони на РМ зема замав, што претставува зачудување, така да за нејзиното спречување во однос на флуорографско снимање на популацијата до 18 години потребно е некаде околу 700 милиони денари.

За позиција 345, заштита на имајќи со деца околу нови милијарда и 520 милиони денари, место предвидените во овој Буџет некаде околу 300 милиони денари.

Понатаму за позиција 351, програма за заштита од сидата, место 400 милиони денари, да бидат 470 милиони денари.

За нова позиција, систематски прегледи на децата, учениците и студентите место овде што е предвидено помала сума да биде негде околу 1 милијарда и 600 милиони денари.

И, за нова позиција, бидејќи во последно време крводарителството сме го занемариле и на тој начин наместо тоа да стане една популарна појава да биде само во ова итн., ние се сведуваме само од земање крв од семејствата, што навистина претставува една негативна појава и во тој случај и резервите и потребите за населението на РМ во тој случај се сведени на најмала мера а во поедини моменти н загрижувачка, па во тој

случај потребно е некаде околу 310 милиони денари. Така да во споредба со овие средства кои се предвидени во Нацртот на буџетот од 3 милијарди 598 милиони денари овде негде би се предвиделе околу 10 милијарди 571 милион денари.

Бидејќи сум претставник на Комисијата за здравство го молам Собранието овие забелешки да излезат како и дел од извештајот на Комисијата за здравство од вчерашната седница.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што претседателот на Комисијата доста комплетно ги изнесе барањата на Комисијата за здравство и потребите на здравството, јас ќе се осврнам само во оној дел на дијализата со некои поблиски аргументи.

Со укажување дека ниту можеше да се очекува во Нацрт буџетот да се внесе позиција за дијализа, за трансплантираните болни, за инсулинот, за хормонот на раст, итн., што е предлог од Министерството за здравство, од причина што во процедура е изменетана Законот за здравствена заштита што треба да оди паралелно во наредниот месец и веројатно до изготвувањето на >Предлогот на Буџетот на РМ за 1993 година ќе бидат веројатно усвоени и промените на Законот за здравствена заштита на РМ па ќе може регуларно да се работи и на Предлогот за нова позиција во Предлог - буџетот за 1993 година.

Зошто премногу се инсистира на дијализата, материјалниот дел на делот на трошоците да влезат на товар на Републичкиот буџет. Од причини што Фондот за здравство не може да ги издржи овие трошоци бидејќи се огромни. Материјалниот трошок само материјалниот трошок за специфичниот дел на дијализа, не сметајќи ја општата здравствена заштита на пациентите на дијализа бидејќи тие пациенти покрај дијализа се разболуваат и тоа многу повеќе отколку нормалната популација од другите заболувања, банални да речам, запаленија на плуќа,

реуматичните заболувања итн., тие болни не се изземени од општата патологија, а дијализата е специфичен дел кој чини огромни трошоци . Една анализа по пресметката некаде октомври месец 1992 година чинеше 150 илјади денари, сметам по старо без деноминација, бидејќи и Нацрт буџетот е така изнесен, а во 1992 година се направени 95 илјади дијализи а во 1993 година се смета дека тој број ќе биде над 100 илјади дијализи, бидејќи бројот на пациентите се зголемува од 700 во 1992 на некаде преку 800 во 1993, бидејќи постојат некои закономерности кои постојат во целиот свет па и во Република Македонија, годишно на 1 милион жители 80 до 100, 120 пациенти односно нови кандидати се јавуваат за дијализа.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:** (Продолжение)

И, ако сега ги пресметаме вкупните годишни трошоци што се прават, специфични трошоци за дијализа, само за дијализа, некаде е пресметано дека ќе биде 127 милиони по ново односно 12 милијарди и 700 милиони денари. Овој трошок што значи за фондот за здравство и зошто не може да го поднесе? Заради тоа што со проста математика 600 илјади носители на здравствени картони треба во текот на цела година е воопшто да не се јават на лекар како корисници на здравствената заштита, цела година. за да може да се покријат трошоците за дијализа. Значи, тоа апсолутно не е можно. Една третина од населението на РМ цела година да не користи никаква здравствена заштита и тоа, има уште еден услов, останатите 2/3 да не трошат повеќе од толку колку вложиле во Фондот за здравство. А, податоците од Фондот зборуваат дека трошоците за здравствена заштита на популацијата кај нас е далеку повеќе од она што се внесува.

Според тоа, апсолутно ве молам да ги акцептирате овие аргументи и за овој дел на здравствената заштита на бубрежните болни треба сите да се заложиме во предлогот на Буџетот за РМ да влезат и трошоците за пациентите за дијализа, велам за специфичните трошоци без оној дел што ни припаѓа за општа здравствена заштита на сите нас.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дали и господа пратеници.

Покрај сето ова што повеќе дискутанти се осврнаа на некои парцијални и така да речам општински барања, јас би се осврнал општо

на неколку работи за нашата Република, а во врска со Буџетот би рекол, малку иронично, прерано го носиме, за да успееме, затоа што сите други држави го носат 2-3 месеци пред да истече годината а ние веќе поминуваат 5 месеци. Многу пати е укажувано на ова и треба еднаш - два-три месеци пред да истече годината да се размисли за Буџетот. Сега треба ние да размислуваме за Буџетот за 1994 година. Но, како било да го оставиме на страна, да ги прифатиме тешкотиите поради кои до сега не е донесен, и би рекол неколку работи во врска со Нацртот на буџетот.

Јас не сакам многу разреди да спомнувам, но во очи паѓаат неколку раздели и позиции што во минатогодишниот Буџет за 1992 година, во однос на 1993 година имаат драстични наголемувања и намалувања. Овде ќе спомнам неколку а има повеќе такви. На пример одбраната, минатата година беше 13,2, а сега се предлага 15. Општествените дејности, во 1992 година е 15,4, а сега 19,4. Највоочливо е кај земјоделието во 1992 година е 18, а сега се предлага"12 За опрема било 4,5, а сега 3,7. Средства за резерва биле 2,3, а сега 4,6, што зборува дека и понатаму ние само зборуваме за развивање на стопанството, за развиено земјоделието, а според мене изгледа создаваме административна дражва.

Ми се чини дека сите овие други давачки што одат во овие поголеми, треба да излезат прво од стопанството, да одат таму и затоа б« требало повеќе да се свртиме кон стопанството и земјоделието, па ако сакаме после да имаме поголеми проценти во овие дејности. Ние тргнуваме обратно, и мислам тоа се причините што секогаш сме во загуба, а не во печалба.

Ќе наведам неколку примери, кога зборувам за ова, велиме за развиено земјоделие и стопанство, ние поради недостиг во инвестирањето, во репроматеријали и други скапи делови, секогаш површините на земјоделието ги сведуваме, иако тие можат да дадат повеќе, ги сведуваме просек на 2, 2,5 илјади тони по хектар, а со вакво инвестирање ако на време обезбедиме вода и ѓубрива и други репроматеријали ќе можеме истите површини да ги оспособиме, да произведуваме не 2 туку 4 илјади по хектар. со тоа ќе го избегнеме недостигот на храна, било човечка или сточна, така што не би имало потреба од увоз на такви материјали затоа што доволно ние имаме површини и по квалитет и по квантитет да обезбедиме доволно храна.'И не само за задоволување на нашите потреби, туку да можеме да бидеме извесни извозници на вакви прехранбени источни производи.

Примерот со кредитирањето,на каматите и репроматеријалите што сега веќе се преземе нешто да се олеснува, во земјоделието заради високите цени и високите камати на ѓубривата што се услов заедно со наводнувањето да се добијат високи приноси од 2 на 4, во земјоделието не се применуваат овие количини затоа што се многу скапи. Наместо 500 по ха. вештачки ѓубрива, се употребуваат 200-250, а некаде и помалку. Тука е намален големиот принос и после ќе треба да се интервенира со увоз.

Не обрнуваме внимание за оспособување и градење нови, помали системи за наводнување и земјени брани што би го овозможиле наводнувањето и со тоа добивање поголем принос на истите површини. Иако се издвојувале такви средства, до денеска не е посветено толкаво внимание и не се оспособени системите и другите мали земјени брани а во стварност тоа би било и она што господинот го дискутираше,

соодносот за системот за наводнување што наполно се согласувам и го прифаќам.

Во 1992 година, во тој Буџет доделивме средства и незнам дали беа доволни за изградба на рампата Тополчани за градобиноста. Оваа година е битно потребно поголемо внимание аз таква заштита, затоа што природните прилики 3-4 пати покажаа дека до сега има 3-4 пати вршено интервенции и може за еден ваков несериозен поглед кон ова земјоделие и неопремување доволно со ракети потребни за оваа година, може катастрофално да го уништи нашето земјоделие каде што овој домет, во кој е изградена рампата кај Тополчани може да обезбаеди заштита барем на 60% од површините на РМ.

Сакам да напомнам дека во сите буџети издвојуваме за премии на земјоделските производи, сточарството посебно млекото и ако можеби, јас велам државата некогаш навреме или пак со големо задоцнување се исплатуваат овие премии и со тоа покрај ваквата инфлација се доведуваат рамни на Нула, да не е дадена премија во земјоделието,. било во сточарството, било за земјоделските производи, пченица, шеќерната репка, сончогледот, млекото и други. Особено сакам да напомнам за новата постапка што ја презедовме за исплаќање на една доста премија за зачувување на женските јагниња и самиот на тој начин може сточарството да се унапреди, со плаќање на 50% од вредноста ан женските јагниња, а понатаму да останат во нивна сопственост. До денеска и тоа не е сторено. Затоа, не ќе може истата постапка пак да се спроведе и да може тоа да се користи за унапредување на сточарството.

Во разделот 21, неколку пати се наведени финансирање на програми. Доста со финансирање на програми. Треба да стои програмирање на стопанството, инвестирање на земјоделието. Само програми донесуваме и тие програми еден ден да ги продадеме, можеби ќе земеме некоја пара од таа неупотреблива хартија во отпад и да почнеме да го унапредуваме тоа стопанство.

Во истиот раздел стои студија за ревитализација. Постојано студија, студија. Таа студија еднаш е изготвена. Еднаш да видиме да се направи она, јас го разбирам како обнова, така го велевме, на реидско - планинските села. Само зборуваме, а до сега немаме преземено на дело. Неколку пати е барано да се даде извештај каде одат средствата. Дали останатите средства се^преземени во Буџетот од 1992 за 1993 година и ако не се употребени зошто не се употребени. А, барав, ако се дадени, зошто се дадени.

Зборувајќи дека тие се предадени ненаменски, ми се чини дека за обнова во рудникот се дадени средствата за унапредување на ридско - планинските села во земјоделието појдени се ненаменски. Ако тоа не е точно, барам да ми се одговори, до сега не е дадена никаква информација, каде одат овие средства за унапредување на и онака мали средства за тоа ридско - планинско подрачје и за индивидуалното земјоделие.

Да не должам, молам Владата односно Министерството за финансии да ги разгледа овие забелешки. Свесен сум дека сите бараме од една иста погача колку што не може да се издели. Но, сепак внимание треба да се посвети на она што ако му дадеме едно ќе донесе 3, а после од тоа да можеме да двоиме онаму каде ќе треба за општествени дејности и други и други. Мене ми се чини ако тука порано финансираме ќе имаме поголеми производи и ќе имаме поголем добит за да можеме

да извојуваме тогаш во другите стопански дејности. Еднаш веќе да тргнеме по тој пат, да го унапредиме тоа стопанство, а се знае тоа стопанство ќе донесе приходи за администрацијата и другите општествени дејности во Републикава.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Поддржувајќи го нацртот на буџетот на РМ за 1993 година ги имам следните забелешки од мојата општина:

1. Разделот 16, Министерство за стопанство во позицијата 168 предвидените средства за електрификација се смета дека се недоволни и се препорачува да се зголемат и така зголемените средства да се употребат пред се за довршување на неелектифицираните села, од кои 3 се наоѓаат во општината Крива Паланка. Ова поради тоа што најверојатно и во другите општини се работи за неелектрифицирани села што се тешко пристапни поради тоа што и дел од електрифицираните села во К. Паланка што имаат со километри одделни маала, не се исто така довршени. Би било крајно чесно и од страна на планерите за овие средства да се донесе едно такво планирање, да се дадат толку средства и конечно проблемот со електрификација на селата во Републиката и оваа година дефинитивно да заврши.

Во разделот 28 Министерство за здравство иако претходните колеги искажаа свое видување и забелешки што се провлекуваат во текот на овие 2 претходни години, би кажал дека иако нема законска регулатива за обезбедување соодветни средства за активна и пасивна

имунизација за борбата против туберкулозата, против сидата, борбата аз сузбивање на наглото проширување на туберкулозата, за имуносупресивната терапија, инсулините и т.н. како и акутниот проблем на дијализата, сакам да кажам дека овој проблем не е само алармантно согледан во секојдневната наша работа, тоа е еден проблем, слободно можам да кажам, проблем број 1. Мислам дека е сосема исправно од страна на Министерството за финансии и покрај тоа што нема до сега донесено законски регулативи што издвоило една сума, но мое мислење е дека оваа е сосема мала, да не кажам симболична и на мислење сум дека треба да ги имаат предвид овие состојби за да се зголеми оваа бројка.

И поради тоа што вие постојано велите, присутно е во јавните информативни гласила постојано се провлекува податокот дека има пораст на заразени од сида, на појавени случаеви од туберкулоза, заболени, посебно кај најмладата популација, да не кажам за бруцелозата, за што има материјални можности да поприми размери што ќе бидат, да не кажам застрашувачки, но всушност така се работи.

Посебен е проблемот со дијализата, за што кажа колегата кој е најкомпетентен, некаде околу 800 луѓе се денеска постојано ан една ваква терапија, една неповолна состојба и навистина имајќи го предвид познавањето на состојбите на фондот и средствата што ги има, не може да се компензира само услужниот дел, а да не зборувам за материјалното обезбедување на апаратурата, на филтрите, дијализерите што се потребни. Мислам дека, доколку можностите со кои се очекува да се интервенира во оваа смисла од меѓународната заедница и на тој начин да се ублажи овој проблем, би требало нашата

држава, како таква, да врши свое видување и некаде цирка од 12 до 18 милијарди денари да се предвиди затоа што ова се неодложни проблеми, а да се има предвид за да не направат поголеми нарушувања во работењето и во реализацијата на фондот.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ**: (Продолжение)

Понатаму, во разделот 23 - Министерството за образование, почитуваниот пратеник многу добро елаборираше во однос на оваа ставка и неговата забелешка мислам дека е повеќе од алармантна и јас како лекар сакам да го искажам следното. Мислам дека средствата предвиде- ни за оваа намена можеби и се недоволни само за личните доходи на вработените во оваа дејност кои се занимаваат со развојот на спортот во Македонија. Мое лично мислење дека тука треба да се обмисли и да се тргнува од претпоставки конечно да се тргне од позицијата дека веќе не постои ниедно место, ниедно мало гратче во Републиката да не поседува пошироки спортски терени, да не поседува спортска сала итн. Мислам дека. неопходна потреба се наметнува од масовниот спорт во Републиката со кој ќе се регрутираат првите спортисти, а ова го поткрепувам со податокот дека во последните години, што најверојатно влијае и социјалниот момент, состојбите кај младите во однос на деформации итн. се повеќе отколку поразителни, а нас што сите не обврзува и на некој начин треба да ни служи на нечест доколку ние навистина не преземеме соодветни мерки.

Мислам дека Министерството со преземање на вакви мерки постојат реални можности и општините преку свои можни средства, преку работните организации да.-извршат одредено ангажирање, така да по право не постои во наредните години во Републиката место кое нема да има најнеопходни спортски терени, спортска сала итн.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, веројатно поаѓајќи од нашата одговорност и компетенција што денеска расправаме за буџетот во 199 3 година, сме одговорни пред сите нас овдека и пред граѓанството и пред своите политички партии да се ислушаме едни со

други, без разлика на тоа кој колку ја сваќа и ја разбира материјата, меѓутоа, фактички гледано дека има многу зборување и шушкање итн., веројатно кака да не сакаме да ја разбереме материјата, или не ја разбираме и не сме одговорни пред нашите бирачи. Јас велам дека ова не е точно. Мислам дека сите сме одговорни и мислам дека многу сериозно ќе ја сфатиме работата и ќе дадеме потстрек и граѓаните на Република Македонија да мислам поинаку за нас и за материјата која ја обработуваме денеска.

Уште на почетокот да речам дека имаме еден критички осврт кон нашата Влада, ова ми се случува прв пат затоа што ме критикуваат дека воопшто не ја критикувам Владата. Мислам дека и покрај сите ограничувања под кои бевме подлегнати и опкружувањето и немањето на пазари и резолуцијата 820ги уште кој знае што ќе ни дојде, мислам дека на нашите финансиски стручњаци перфектно им е позната ситуацијата со месечната депасијација ан денарот па и дневната депресија, и по пат на таа депрецијација на денарот можеше да се дојде до овие податоци и така барем уште на почетокот на годината, првите два месеца ние да дадевме една насока како би се одвивала јавната потрошувачка. Сигурно стекнавме доем од овие дискусии досега дека, а и порано и лани тоа се случуваше, дека имаме феномен што во светот се јавува од една страна давател на пари, а од друга корисници на тие средства. Сигурно сакаме нешто помалку да дадеме и јас сум од работна организација и сакам. што помалку да дадам, а што повеќе да земам за јавната потрошувачка, односно за оној дел кој ме интересира. Било тоа да е земјоделството, било образованието, културата, здравствената заштита итн. Се е тоа нормално.

Јас овде сакам да се осврнам на две прашања, да ги третирам како прашања. Сметам дека недоволно е обработена материјата дали

навистина реално е опфатен данокот од производителите односно од приватниот сектор, дали општествениот сектор реално ја покажува добив- ката, дали приватниот сектор има случаи, а јас тврдам дека има, исплаќа плата во некој износ. Ќе му пикне во џеб и тоа е тоа, даноци не му се наплаќаат, од личен доход нема. Значи, создаваме богати луѓе ние веќе имаме богати луѓе и добро е што ги имаме, меѓутоа ние уште минатата година и предминатата разговаравме за даночна полиција, таа сеуште ја немаме и најверојатно уште долго време ќе ја немаме ако вака тераме да речеме клај клај и на крај ќе излеземе со куси џебови. Овде малку има една прикриена форма ва прикажување на едни состојби. Би требало на народот да му се каже малку поотворено, ова не се смета за прикриена за нас да речеме не би сакал да предизвикувам некој револт овде. Поаѓајќи од макроекономската политика, од таа насока да речам ако општествениот производ реално се намали за 7%, националниот доход ќе бележи помал пад од 6,5%, а цените на мало ќе растат просечно месечно до 15%. Тоа ќе значи ќе предизвика помалку реално за 8% тоа е факт на животниот стандард, реален пат на куповната моќ на сите граѓани на Република Македонија. Тоа значи и понатаму стегање на каишот. Тоа треба да не. Окупира сите нас како парламент сите државни служби и јавната потрошувачка. Сите што се корисници за поголема економичност во работењето и ете белким ќе дочекаме се она лошо што е опкружува да се тргне од нас, да се отворат пазарите и нашиот живот да биде подобар.

Не би се согласил со одредени искажувања овде дека правиме разни студии, разни програми, правиме она, правиме ова, меѓутоа џабе остануваат не ги реализираме. Мислам дека како држава сме дале некаде збор и сега пред некој ден пред Европската банка за обнова и развој, порано пред светската банка за обнова и развој, пред други

институции и институти, дека нашите програми треба да ги правиме и дека нашите програми чекаат на реализација и веројатно за некој месец ќе успееме да влеземе во тие меѓународни фондови, односно Европскиот фонд за обнова и развој, а тоа ќе значи како и неќни што му реков на претставникот на Европската банка, ќе мора да претрпиме една голема промена реконструкција и модернизација на капацитетите меѓутоа и кај нас лично кај секој граѓанин реконструкција и модернизација, пресврт на нашето однесување кон се она што треба да го правиме. Ако тоа не го правиме џабе е и кредити, џабе се и незнам што друго.

Би се задржал на две ставки овде, не би сакал да ги прочита* овде колкави се. Финансирањето на политичките партии, ние и минатата година имавме една таква ставка таа е нереализирана, заради тоа што нема закон. Имаме сега една ставка многу поголема со индекс 2000 или незнам колку, меѓутоа, бидејќи нема закон нема тоа да се оствари и ве молам господа пратеници овде ние во Република Македонија имаме може д се рече и повластени две или три партии кои што имаат свои средства, свои приходи, по било која основа и отворено па и сега, не треба да ги спомнувам кои се тие политички партии, меѓутоа има политички партии кај што нема ни денар и нема пари за плаќање на телефон итн. Па би сакал да предложам еден работен заклучок што побрзо ако не е готов да се направи Законот за финансирање на политичките партии за да дојде овде да се расправа и да се усвои законот за да може некако да се проживее во овие тешки услови.

Втора работа во делот на финансирање на информатиката, односно на информативната дејност во Република Македонија, односно јавните гласила, радиото И телевизијата. Просто не молат претставниците на телевизијата со разни свои укажувања и обраќања до нас, а ние сме толку тврдо кажни, ние не го гледаме овој проблем овде во Парламентот и да кажеме ќе биде вака или ќе биде онака.

Мислам дека, поготово националностите сме во фаза на еден развој, на еден подем, меѓутоа, го нема тој развој, затоа што нема средства, односно за другиот развој се мисли на вашите емисии, на нашите сонародници во странство итн. Според тоа предлагам во буџетската потрошувачка и она што е многу сметка да се води за ваквиот развој мислам за развојот на печатот, на Телевизијата, радиото, а поготово за националностите. Понатаму од средствата за култура мислам дека многу малку нема спецификација на корисници што е со националностите. Ние фала богу имаме четир-пет фестивали на забавни и народни песни и добро е тоа што го имаме, тоа е многу убава работа, но имаме и други работи за кои што немаме средства. Според тоа, што побрзо тоа да се ефектуир и во рамките на тие средства да бидат некои други средини задоволни за. да можат да се остварa од повеќе аспекти и некои други права што следуваат на граѓаните на 'Република Македонија.

Давајќи поддршка1 на ваков буџет како што е, јас ги респектирам луѓето од Владата кои што работеле на оваа проблематика,.им замерам многу што таа сега се разгледува, јас верувам дека понатаму да дојде до ваква ситуација, ова време да се разгледува пред нацрт на буџет, а камоли буџет да се разгледува

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено почитуван. претседателе на Собранието, почитувани р дами и господа, во истиот стил од пред неколку години продолжуваме со донесувањето на Републичкиот буџет за Република Македонија и нема место за дискусија да кажеме дека некои нови работи ќе повториме овде пред оваа говорница, зашто истите и од претходните години се провлекуваат и во овој нацрт - буџет за 1993 година. Овде на говорницата повеќе дискутанти укажаа на некои состојби во Република

Македонија и нормално во тој домен и потрошувачката која се наоѓа на другата страна. Јас таквите дискусии ги поддржувам, посебно ми се допадна дискусијата на госпоѓата Славјанка Стојанова, а имаше и дискусија од Трајан Мицовски од областа на земјоделството и некои други, да не ги редам сите по ред.

Јас сакам само некои особени забелешки да направам на работи за кои ние порано сите се залагаме, особено за 19 92 година кога дискутиравме за земјоделските пензии и тогаш јасно укажавме дека за 1992 година со ребалансот на Буџетот ќе успееме да ги оствариме во полн износ пензиите на земјоделците во Република Македонија. Но бидејќи тој ребаланс на буџетот дојде многу доцна од предвидениот рок, така да ние сега со овој нацрт на Републички буџет, тие средства овде се предвидени но се во глобала во еден вкупен износ, тука се кај Министерството за труд и социјална политика во конто 457 – обврски на Републиката за посебни додатоци кон пензиите, како и за обврски врз основа на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон, во образложението и целосно. е кажано во тој износ кој се корисници ќе бидат поставени. Тука се .нормално и земјоделските пензии. Но ние немаме целосен увид, па ниту јас како пратеник со овој нацрт на републички буџет да видам дали овие износи за пензиите за земјоделците ќе бидат во целосен износ, или во износ оној што Републиката моментално го гарантира како просек во Република Македонија. Дали ќе биде тој потпросек, или ќе биде во тој износ. Овде нема никакви показатели. Јас го молам ресорното министерство, ако може на тој план да ги разглоби овие нешта за да имаме поцелосен увид на овие нешта. Исто така, минатата година, доколку добро се сеќавате ние посебно водевме жолчни дискусии околу корисниците на Републичкиот буџет  дека некои од тие корисници, здруженија итн. а сега да не кажам така критизерски дека сум против тие организации или

здруженија, но еднаш треба да кажеме дали навистина тоа е една инерција од минатите години на претходниот систем, ќе продолжиме и оваа и наредните години, тие корисници да ни се јавуваат повторно. А овде веќе во нацрт републичкиот буџет и во образложението постојат, што значи дека таквата тенденција продолжува. А јас сум тие чекови веќе да се скратат и Републичкиот буџет да се сведи за најмала мера односно во најрационални рамки за да може сето она што е позитивно за оваа Република Македонија такви квалитетни средства да се пренамената во други области и дејности каде што ќе поттикнат развој,каде што ќе го поттикнат стопанството, а вакви квалитетни средства од буџетот да не се даваат и неповратно да одат само за лични доходи или за исхрана на работниците или за плаќање на функционерите во овие институции, организации или здруженија. Затоа и на почетокот реков дека во тој поглед дискусијата на Славјанка ми се допадна, затоа јас и порано се залагав околу таа рационализација на Републичка управа во Република Македонија". Еднаш да видиме дали оваа држава и ова стопанство на Република Македонија може да го поднесе овој товар на толкава републичка управа и дали е тоа рационално и корисно во овој момент да ги правиме, кога од друга страна се соочуваме со големи тензии во поглед на стечајните работници, во поглед на невработеноста, во поглед на застој на развој на оваа Република. Значи од една страна е доста парадоксално буџетски сеуште продолжуваме да одобруваме средства на оние што Префрлаат бирократија кој како . рак ја уништува државата, а од друга страна она што треба вистински да го правиме го оставаме за некои наредни времиња. Јас незнам кога   ние тие времиња ќе направиме царски рез

да ги пресечиме. Не можеме ние како Република и како стопанство кое од сите страни е заобиколено исто така имаме внатрешни проблеми во поглед на преструктуирањето на тоа стопанство, ние со вакви луксузи да одиме и понатаму, да финансираме нешто што во основа ја руши државата и стопанството на оваа држава. Еднаш треба да се прекине со таквата практика. Го молам Министерството ако може со предлог - буџетот да видиме поцелосно, точно каде се ќе одат овие буџетски средства. Исто така, на крајот да завршам не ми е јасна една состојба за која и порано се залагав во битолскиот крај започната беше една добра иницијатива, акција прва во Република Македонија од таков вид за комасација на земјиштето одредени предиспозиции или предуслови се направени таму а се однесува на оној дел каде што е  лоциран системот за наводнување Стрежево. Тоа значи да се направи една комасација на земјиштето и од една мала област за да служи понатаму Ако позитивен пример и за другите општини со цел максимално и во можни реални граници да се искористи системот Стрежево во битолската општина. Овде такви средства мислам во ова Министерство немам не пронајдов ништо, незнам дали воопшто министерот за земјоделие се залагал за такво нешто а штом министерот за земјоделие не се залагал,нормално министерот за финансии нема ништо да бара. јас сум оптимист во предлог на буџетот некој овде нејасни поими, нејасни бројки, господине министре со добра намера да ги разглобите да биде појасно на секој пратеник што каде и како ќе се финансира. Затоа што сите овде пратеници во Парламентот не сме експерти по економија или по анализа, план итн. за да можеме едни бројки во глобала да ги разглобуваме и да видиме што за што е наменето. Благодарам.

IX/1/JM/лј

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

ЈАС НАЈПРВО сакам да изразам една забелешка во однос на работата на парламентот поготово во отсуство на Владата за вака важни документи како што е овој сега што го разгледуваме.

Прво, мислам дека средствата што се одвоени во раздел 28 по основ за финансирање на намената за здравствена заштита, мислам дека се симболични и практично го маргинализираат здравството и третманот на здравството останува и понатаму таков каков што беше досега. Мислам дека државата има обврска преку законот за здравствена заштита, конкретно членот 32 и членот 64 во кој што има земено обврска државата да финансира дел од здравствената заштита. Меѓутоа, тоа во овој Нацрт на Републички буџет практично е отсутна. Затоа што не можам да се сложам со фактот да 0,8% од потребните средства за здравствена заштита бидат планирани од вкупната сума за здравствена заштита за 1993 година. Во Републичкиот буџет се планирани само о,8% од вкупните потребни средства. Мислам дека на тој начин здравствената заштита ние ја маргинализираме. Ние направивме и се сложивме и решивме да направиме во оваа самостојна суверена држава своја одбрана, своја милиција и неа ја финансираме. Меѓутоа, истото како да не важи за здравствената заштита!. Мислам дека душевно болните кои што се продукт на едно цивилизациско живеење не можат да бидат на товар на Фондот во едни вакви услови. Тие мораат да го најдат своето место преку финансирање од средствата за државата. Не може кемодијализата да остане и понатаму на сметка на фондот, не може превентивата да остане на товар на фондот кога зборуваме за една сериозна држава, не може превентивата да остане вон интересот на државата. Мислам дека државата треба да најде средства за покривање на превентивата, затоа што ќе ни се случи она што практично и се случува. Конкретно сега последната епидемија на морбили и за жал

ги наполнивме болниците, но ги испразнивме фабриките. Потрошивме толку средства колку што е потребно за вакцинација на целокупната македонска популација во текст на 2 години.

Господа пратеници ние со досегашниот систем на финансирање на здравствената заштита практично 80% од изворните приходи ги остварувавме преку општественото стопанство, 1% од изворните приходи е од земјоделците, а 1,3 од приватниот сектор. Иако како корисници на права на здравствена заштита учествуваат со многу поголема ставка. Имено, земјоделците ќе ги има 320 илјади како корисници на здравствени услуги, а учествуваат во изворните приходи за здравство, само со еден отсто,или приватниците кои што ги има како активни осигуреници 40 до 50 илјади, а учествуваат во создавање на изворните приходи само 1 отсто. Тоа се нелогичности. Мислам дека од тој аспект треба да се посматра интересот на државата да обезбеди средства во јакнење на превентивата. Ние ако мислиме дека со еден ваков буџет сме го растеретиле граѓанинот затоа што сме ја намалиле јавната потрошувачка бидете уверени дека данокот и понатаму го плаќа граѓанинот, од едноставна причина не ретко има ситуации каде што повеќе граѓани се жалат дека своите плати исклучиво ги употребуваат само за набавка на лекарства. Не е ретко да се види граѓани кои што откажуваат од одредени терапевтски процедури со цел за да не потрошат и онака плиткиот семеен буџет. Не можеме здравствената заштита да ја гледаме само како потрошувач. Напротив таа е одржувач таа ја одржува вкупната општествена репродукција. Грешка е на оној кој што мисли дека навистина со тоа дека заштедил на сметка на сопственото здравје. Јас нема да гласам за овој Нацрт буџет доколку не биде усвоен заклучок со кој средствата за здравствена заштита во раздел 28 не се валоризираат согласно ребалансот на буџетот.

IX/3.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство јас накратко само би рекол да се задржам на делот од Нацрт буџетот во врска со правосудството. Имено и во расправата на комисијата која што работеше утринава меѓу другото беа искажани и одредени мислења, сознанија и оценки дека состојбата во областа на правосудството особено од аспект на нивно материјално обезбедување има директно влијание и на остварувањето на нивната функција. Меѓу другото морам да ви кажам не одамна на едно советување во Охрид што беше организирано со претседателите на судовите беа искажани огромен број на оценки кои главно се сведуваа дека состојбата во судството во смисла на нивно, она што викаме материјално и техничко обезбедување се повеќе од ден на ден се влошуваат и како резултат ва тоа имаме меѓу другото се поголем број на напуштање на судската функција што впрочем ние тоа и го правиме скоро на секоја седница на Собранието на РЕпублика Македонија сега за тоа веројатно постојат и други фактори, меѓу другото и ниските плати на судиите и на вработените во оваа сфера. Меѓутоа, тука од посебно значење е неконституирањето на судската власт, односно сеуште недонесувањето на законот за судовите. Оттаму мислам дека на тоа советување, а впрочем и на Комисијата исто така беа искажани и други оценки и мислења за состојбите пред се на неопременоста на судовите, многу минимален износ за материјални трошоци, недостаток на превозни ;средства кои се корисни за успешно остварување на функцијата на судските органи. Исто така, за физичко обезбедување дури на остварувањето на судската Функција. Во тие рамки би сакал да потсетам ако ние веќе се залагаме за изградба, односно конституирање на судската власт како трета власт во Републиката покрај законодавната и извршната власт, тогаш таа судска власт мора да биде придружена со сите елементи што ја обликуваат

една власт. Тоа значи како што е извршната и законодавната власт во смисла на обезбедување со редарско стражарски служби, затоа што имаме состојби, или ситуации да судиите во некои моменти да бидат и физички загрозени од разни притисоци итн., да не зборуван за проблемот кој што е присутен како во Скопје, а верувам и во внатрешноста каде што имаме недостаток, или неекипираност на доставените служби од страна на судовите што директно влијае на пример на извршуваше на самата функција на судовите, не се доставуваат покани, или пак не се врачуваат соодветни судски одлуки. Оттаму мислам бевме мотивирани да и предложиме на Владата особено во овој дел од правосудството во делот за материјални трошоци, а и другите делови мислам за опремува&ето многу поголемо внимание да се обрне и сериозно да се свртат околу евентуална корекција, не евентуална туку со сигурност ќе бараме во предлогот на буџетот кога ќе дојде да го разгледуваме и усвојјуваме за подобрување на состојбата во судските органи. Впрочем Комисијата има еден конкретен заклучок и верувам дека Владата ќе постапи по него..

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе се трудам мојата дискусија да не личи на репризна дискусија, Како репризни телевизиски емисии бидејќи секогаш кога е во прашање здравството, знаеме дека 17 пратеници има, тоа можеби изгледа и смешно, но се бориме за оној сегмент каде што припаѓаме. Прво, би се сложил со неколку дискутанти ;дека не сериозно му приоѓаме на ОВОЈ проблем како Собрание, а ако Собранието има несериозен пристап тоа. Се однесува и на Владата. Овде пред нас ги гледам само министерот за финансии и помошникот министер Најденовска. Сигурно овој проблем спага во нивниот ресор, тие се

предлагачи на Нацрт на буџетот, меѓутоа за мене Нацрт на буџетот е шанса се она што тие го предлагаат да може да се измени, да се надополни, некаде да се зголеми, од некаде да се земе. Па затоа ние чудно што нема претставници од други ресорни министерства, а слушнавме дека и од министерството за образование наука и култура пратеникот Поповски искажа некои свои согледувања кои сигурно држат, слушнавме неколку пратеници од здравството кои не се задоволни со она што е предвидено во раздел 28, кажаа дека тоа се минимални средства, исто така слушнавме и за земјоделието итн. Мене ми е чудно што од моето министерство за здравство, разбирам можеби министерот е ангажиран,може би има седница на Владата, но пред неколку седници изгласавме заменик министер, па има двајца помошници, па тие треба да се борат за да ги добиеме оние средства што, еве имавме неколку искажувања од повеќе лекари овде пратеници, па да не ни замераат само на нас 17 лекари дека не се бориме за здравството, да видиме и тие нека дадат свој придонес за да се оствари она што го бараат здравствените работници, а тие тоа не го бараат за себе, туку нормално за добро бит на народното. здравје на оваа држава.

Сега би кажал само неколку работи кои би оделе во прилог на заклучокот што во извештајот од Комисијата за здравство што е одржа вчера, а што доктор Трпчевски многу пластично овде го прикажа. СЕ согласувам сигурно како што кажа и доктор Андоновски дека овие средства во раздел 28 се минимални,дали ќе претрпат корекции ќе видиме кога ќе мине буџетот и ќе видиме како министерството ќе се избори. Меѓутоа ќе зборувам за она што не е предвидено во раздел 28, а тоа се содржи во предлогот на Комисијата за здравство а тоа е да се внесе посебна позиција во која ќе се предвидат средства за подмирување на материјални трошоци за хемодијализа, за набавка на инсулин, хормонот за растење, имуносупресивни лекови: имуран и

сандимун, цитостатици итн. Овие предлози од самата комисија кои овде се во писмена форма и предлагачот на комисијата господинот Трпчевски ги искажаа , јас ќе го кажам своето мислење. Пред еден месец некаде на 24 -ти се одржа состанок, всушност седница на Комисијата за здравство во проширен состав на која присуствуваа и претставници од клиниката за нефрологија, значи компетентни луѓе кои се бават со проблемот на хемодијализа, беа претставници и од лекарската комора, од медицинскиот факултет и помеѓу други заклучоци беше кажано дека се апелира на сите лекари кои се во парламентот без резервно да се вклучат во расправата околу нацртот на буџетот, и на целиот аудиториум, македонски аудиториум, не само на Собранието да укажат на важноста на процесот на хемодијализа, што е тоа хемодијализа. Сега не зборувал за основните принципи на хемодијализа како што зборуваше пратеникот Ќовачевски, тој директно се бави со хемодијализа, меѓутоа ќе кажам само неколку аргументи кои одат во прилог на она што и тој самиот го кажа. Знаеме дека во Република Македонија имаме 700-тини пациенти кои трипати неделно се хемодијализира. тоа е континуиран процес  кој нема одлагање. Во здравството може се да се одложи. Еве ние бевме толку воспитани како здравствени работници, се одлагаа неиотни операции во хирургија, акушерство, и гинекологија, немаше конци, немаше анестетици,може да се случи и да не ги храниме оние пациенти што се во болница, бидејќи нема тгари и гледавте како се алиментира нашиот Фонд за здравствено осигурување. Може да ги натераме- пациентите сами да си купуваат инекции, тоа се можеме да го направиме, можеме како•здравствени работници да не добиваме личен доход. Ебе веќе сме 21-ви мај и не сме добиле личен доход, а ние во два дела го добиваме. Веројатно првиот дел ќе уследи од понеделник натаму, а за вториот не се ни знае. Значи од се можеме да се откажеме и од личен доход, меѓутоа  не можеме да направиме еутаназија да

700 пациенти кои се хемодијализираат да ги оставиме сами на себе, а еутаназија во нашето општество не е дозволена, не е казнива, меѓутоа не е дозволено. Меѓутоа, средства за една континуирана хемодијализамора да се набават. Не можеме да чекаме на Фондот и фондот да ги обезбеди тие пари, а знаеме како се алиментира фондот. Според тоа, тој дел тие материјални трошоци што овде беа наведени, сега не сакам да зборувам за цифри мора да се обезбедат. Чувте дека една хемодијализа кошта околу 15 илјади нови денари, или 150 милијарди стари денари,три пати неделно, тоа се 450 милијарди денари неделно. Се очекува во 1993 година да има околу 105 илјади хемодијализи. Според тоа проблемот е многу сериозен. Тука мора да има сериозен пристап. Тука јас би се~откажал и дел од овој раздел 28 од некои активности, само хемодијализата да влезе тука. Ценам дека и туберкулозата сега е во ескалација, има многу случаи на туберкулоза, имаме и други проблеми, гледаме каква ни е еколошката средина, сега имаме случаи на бруцелоза, сида, сето тоа е важно. Меѓутоа, тоа може да претрпе одлагаше во решавањето на проблемот. Хемодијализата не трпи одлагање. Ве молам, ако компетентни луѓе како што се професор Поленаковиќ, Масин и други кои се бават со оваа проблематика тие фактички направија еден вапај, тоа беше една молба, една замолница прво на нас како пратеници, а ние сме лекари, ние знаеме да Ви укажеме дека проблемот е многу сериозен. Иако смеј свесни дека проблемот на решавање на овие болни кои се во терминална фаза, кои се хемодијализираат треба да се сфати како привремено решение, а натаму да се оди на трансплантација, или пресадување на бубрег. Таа активност кај нас беше започната, меѓутоа, од објективни причини сега малку е запрена или одложена бидејќи нема средства.

IX/8.-

Исто така, би кажал дека заедно со хемодијализата треба да влезат и овие имуно супресиви, а тоа е сандимун, лек кој се дава кај оние луѓе кои имаат трансплантиран бубрег. Без тој лек организмот ќе го отфрли пресадениот бубрег и фактички ништо не сме направиле Дали смееме тоа да го направиме. Досега сите пациенти кои имаат трансплантиран бубрег одат во аптека, или во странство ги набавуваат тие лекови. Сега за среќа имаме хуманитарна помош, благодарејќи на помошта што пристигна во нашата Република, а и од некои донатори засега проблемот со овие имуно супресиви е решен, меѓутоа тоа е од временски карактер. Ние мораме да си обезбедиме средства за да овие пациенти не ги оставиме и направиме една еутаназија.

Сега би се осврнаа на заклучокот од таа седница што беше во проширен состав, па ќе го прочитам само првиот заклучок. Да се одржи иницијативата од Министерството за здравство и министерот за здравство проф. Јован Тофовски во акција пред Владата на Република Македонија и парламентот сите материјални трошоци за иведување на дијализа да се стават во Буџетот на Република Македонија за да се добие сигурно и континуирано финансирање на овој вид здравствна дејност. Буџетското финансирање на дијализа во САД и во Европските земји.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи, таму е многу јасна работа. Буџетот мора да обезбеди пари затоа што веќе нема одлагање. Три пати неделно мора да се изврши моделизам. Според тоа овде на сите ни е јасно дека ресорното министерство треба да се вклучи, па да се избори на седница на Влада, министерот Хајредини да ја убеди Владата, а и сит енас дека на уште на некој друг раздел, а имаме навистина мезимчиња кога е во прашање Нацрт на буџет, мислам мезимчиња на некои министерства кои имаат некој привилегиран статус, за нив секогаш мора да има средства, па дел од тие средства да префрлат во разделот на здравството.

На крајот, навистина би апелирал до сите нас како пратеници, сега е Нацрт на буџетот, шанса е нешто да се направи за тоа што вчера го искажав, да се најде во Буџетот кога ќе биде усвојуван. Јас се оградив до сите нас да се разбуди совеста не само кај Владата туку и кај сите оние кои се задолжени Македонија, во Уставот стои дека е и социјална држава, па ако на не- кој му годи тој атрибут, тогаш токму на ваквиот тип пациенти е.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ќе се обидам да бидам сосема краток но со оглед дека има многу конкретни забелешки од комисиите мислам дека треба да се разгледаат во Министерството и Владата па после за предлогот на буџетот да можеме да расправаме на начин поединечно, постапката итн. Јас сосема накратко, мислам дека е потребно неколку работи да се потенцираат, можеби во вид на дилеми, барем она што не е во образложението дадено и што не беше кажано во експозето кое го слушнавме на почетокот на седницата и да го оцениме како политика што се предлага од страна на Владата да се води во Република Македонија.

Прво, и покрај тоа што носиме закони за ограничување на јавна потрошувачка, мислам дека и минатата година имаше и оваа година на ниво од 35% од општествениот производ, евидентно е дека со овој буџет поврзан со другите јавни потрошувачки во Македонија трета година е кога компаративно се дава и се намалува од 36% на 27 во 1992 година, односно на 27,2 во 1993 го- дина. Мислам дека без оглед на тоа што имаме апсолутен пад на општествениот производ во Македонија, релативните односи сами по себе тој апсолутен пад не ги нарушува и автоматски не предизвикува поинакви релативни односи во распределбата на општествениот производ и мислам дека треба да чуеме барем едно соодветно образложение на што се должи и дел од таа политика на Владата е тоа да и покрај Законот за ограничување на 35 се предлага со овој буџет и со другите фондови на 27,2, од кои самиот буџет е 14,5% од општествениот производ.

Исто така мислам дека треба да се констатира дека се прави обид во приходната страна на буџетот во рамки на постојните определби да се прави преструктуирање на приходите, при што евидентно е така на пример данокот, некои и од другите пратеници го потенцираа, зафаќањата по основ на данок од добивка се зголемуваат, земени релативни односи од аспект на сите поединечни ставки, на пример се намалува данокот на промет, царината енормно расте и со оглед дека не е дадено децидно образложени мислам дека не е лошо да чуеме на што се должи во најмала рака тоа и какви се тие движења во буџетот од аспект на економската политика, па и буџетската потрошувачка во Република Македонија како тенденции поволни, неповолни, што можат да донесат, што ќе предизвикаат и во афирмативна и во друга смисла итн.

X/3,-

Мислам дека е битно политичко прашање во овој Парламент да разговара за тоа дека буџетот на Република Македонија обезбедува личен доход на 61 илјада вработени во Република Македонија кои се од прилика 10% од вкупно вработените во Републиката и ако на нив додадеме пензионери кои се издржуваат, околу 190 илјади ако се податоците приближно точни кои се издржуваат од еден друг фонд кој на сличен начин се издвојуваат и уште од Буџетот издвојуваат покрај овие за 61 илјада вработени ниво на социјална помош за незнам колку илјади луѓе кои практично директ- но зависат од состојбата на Буџетот на Република Македонија. Сакам да кажам дека можеби треба да разговараме и за тоа, иако сум свесен дека сме во процес кога се гради нова држава, кога се менува нов систем и дека во таква состојба не е лесно да се изнајде нов модел на јавно финансираше и јавни зафаќања и јавна потрошувачка, меѓутоа треба да размислиме како Парламент, како и Владата дека треба да размислува што значи кога толку голем број на индивидуи, а со тоа и семејства во Република Македонија се директно врзани за својата основна егзистенција преку смет- ката на Републичкиот буџет. Значи, околу 190 илјади пензионери индиректно, меѓутоа тука додадени директно 61 илјада вработени кои директно зависат од Буџетот. Што значи тоа од аспект на социјалната положба во која може да се доведе Македонија во позитивна и негативна сфера зависно од буџетската политика, што значи по стабилноста на Македонија таквото концентрирање на огромен број на вработени. Мислам дека во однос на 19 92 година податоците од Буџетот има и зголемување бројот на луѓето кои директно или индиректно се зависни во својата основна материјална егзистенција од сметката на Републичкиот буџет.

Х/4.-

Го поддржувам пратеникот Превала кој истакна дека треба да размислуваме и во најмала рака Владата да размислува дали и во проекцијата на платите треба да се оди со 10 или 5% поспор пораст во оние кои се од буџетска потрошувачка за разлика од оние кои го алиментираат Буџетот.

Ја поддржувам основната алиментација како модел во Буџетот, намалувањата на средствата кои се за интервенции во сто- панството со оглед дека имаме процентуално мало учество, на по- мало ниво од 1992 година. Меѓутоа ќе кажам уште нешто што мислам дека исто така е многу битно за Собранието на Република Македонија, како што е на некој начин можеби во образложението кажано. Треба да размислува Собранието на Република Македонија за сопствениот буџет, за Буџетот на Република Македонија и од аспект на тоа дека 2/3 од Буџетот, околу 60% се трошат само за четири намени или во поширока смисла и за 3 намени. Една е образованието, една е социјална политика и една е безбедноста на државата. Значи ние практично најголем дел од Буџетот го трансферираме во Министерството за одбрана и за внатрешни работи, околу 450 милијарди, како што е напишано во Нацртот на Буџетот, образование 339 и социјалната политика 263 што изнесува некаде околу 1050 односно околу 2/3. Тоа практично може да се сфати дека Буџетот во најголем дел служи за задоволување на безбедноста, социјалната политика и образованието, а другите ставки се минимизираат во однос на нив.

Јас конкретни забелешки нема да кажам, меѓутоа ќе укажам на нешто што можеби исто така во фаза на Нацрт на буџетот треба да се разговара. Тоа е за подеталните пропорции кои се даваат во Буџетот. Меѓутоа прашањето може да се постави и на следниот начин

што претставуваат средствата од 5 милијарди денари одобрени за Министерството за односи со странство, тоа се околу 3-4 милиони марки, во кои се вклучени и средствата за дипломатско - конзуларните претставништва, имајќи предвид на пример дека само за станови за армијата се издвојуваат повеќе двојно. Значи 11 милијарди во однос на пет. Ние неколку пати разговаравме во ова Собрание за важноста на надворешната политика што ќе ја води Македонија од аспект на целокупната ситуација. Таму нема дадено подетални образложенија, веројатно тука и Министерството за односи со странство требало да одигра постручна улога, што се предвидува со тие 3,5 милијарди денари за дипломатско - конзуларни претставништва, дали имаме ние програма во кои држави ќе отвораме ДКП, од тие што не признале колку, како ќе ги екипираме итн. Вака е само бројка некаде од 2,5 милиони марки што ништо не значи а споредено со становите за Министерството за одбрана е апсолутно деградирана бројка. Мислам дека за такви пропорции можеме да разговараме во фаза на Нацртот на буџетот. Или на пример со оглед дека не е образложено во:> Буџетот, а исто така н во образложението на Буџетот не треба да се оди со филозофијата дека средствата за армијата и средствата за Министерството за внатрешни работи се средства за кои Парламентот може, меѓутоа најдобро да нема најголем увид. Може да се има увид, има Владата механизми тој дел од Буџетот и во образложението и во ставките да го стави под некаква форма, на доверливост каде што само пратениците би го имале за да може да се разговара со оглед дека таму се концентрираат огромни средства за кои Парламентот званично ја дава својата легитимација, практично Владата па јас се надевам и во рамки на Владата само одделни министерства.

X/6.-

На пример таму стои за Министерството за народна одбрана дека има вкупно 715 вработени во овој момент. Само во врска со становите за тој сектор се сведуваат ако се сведе на 60м2 станови се двојат средства за околу 131 стан. Значи на 700 вработени ќе се градат нови 130 станови. Дали е тоа политика која ова Собрание треба да ја поддржува или не, имајќи предвид дека сигурно се заостанати станови од бившата армија 700, вклучувајќи пензионирани, меѓутоа тоа се бројки кои за пратениците во најголем број се дилема, односно непознаница имајќи го предвид карактерот на образложението од тој домен што се нуди, на кој ние само можеме како претпоставки да бараме што се случува во таа сфера и да немаме целосен увид во работата.

Со тој еден пример сакам само да укажам дека во делот од образложението за пратениците за да можеме компетентно да одлучуваме, особено во оној дел во кој треба Собранието да ја насочува буџетската потрошувачка по одделни сегменти кои се приоритетни за државата во тој момент, надворешната политика, одбраната, внатрешните работи, социјалната политика, интервенции во стопанството, ние не можеме тоа да го правиме без соодветен увид во тие суми бројки што значат. Затоа мислам дека треба Владата да направи увид во тој момент да ни даде некаков материјал од кој ќе произлезе за што ние гласаме во доменот на овие средства кои се во големи суми а само под една*»ставка, средства за одбра- на или средства за станови итн.

Инаку мислам дека има очигледен напредок во доменот на образложението што го нуди Владата од аспект на степенот на информации кои се достапни на оние кои треба да одлучат за Буџетот во однос на неколкуте претходни години, или најмалку во однос на претходната година кога ни беа многу штури информациите што ни беа

давани, особено неколку табеларни прегледи во образложението кои се достапни на пратениците се напредок и тоа треба да се поздрави, меѓутоа треба и други информации да добиваме.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога се зборува за Буџетот сигурно дека една глобална анализа на Буџетот е да се разговара аргументирано, згодно е да се користат некои податоци споредбени кои што од прилика би не определиле овој буџет за кој денес ќе дискутираме дали и колкаво влијание ќе има во државата. Имено, ние можеме да размислуваме дека овој буџет е мал, голем или незнам каков, меѓутоа мораме да користиме одредени показатели и една од тие споредбени можности е да споредуваме со буџетите од претходните години. Иако имаме во образложението дадено дека овој буџет од прилика во вкупното учество во општествениот производ е 27,2% наспроти 27 колку што бил минатата година или предминатата 36%, заради структурата на Буџетот од претходните години во однос на оваа година знаеме дека во некои години претходно не постоеја царинарници, не постоеше одбраната, практично бевме во една друга држава, па реално не би можеле да дадеме соодветна оценка дали овој буџет е голем или мал. Можеби една споредба е да споредуваме со буџети на некои други држави. Да речеме колку што мене ми е познато Буџетот на една Словенија, што мислам дека е во овој дел добро за компарација со нашата држава изнесува преку 6 милијарди ДМ во однос на нашиот Буџет кој изнесува околу 1 милијарда марки а приближно се работи за ист број на население. Би можеле да кажеме дека и ние немаме некој преголем буџет, според тоа дека ете јавната потрошувачка не е така голема како во други држави, меѓутоа сепак мораме да се сведеме на она што го знаеме оваа држава

каков стопански систем има и колкави се можностите на граѓаните на оваа држава. Според тоа мое лично мислење е дека сепак Буџетот е во рамките на она што ние може- ме како држава да го поднесеме и во рамките на она што како граѓани можеме да го поднесеме. Би сакал инаку да обрнам внимание на некои ставки во овој буџет кои што по моја оценка или не би требало да ги има или би требало да се даде појако образложение.

Прво, лично нешто што на прв поглед паѓа во делот на расходите е дека практично 1/3, повеќе од 1/3 од Буџетот се користи за плати на вработените во државните органи или практично вработени и во одредени други институции кои што се на терет на Буџетот. При таква структура очигледно се јавува веднаш размислувањето дека практично ако повеќе од 1/3 оствaруваме за плати, колку би ни останало за некаков си развој кој што оваа држава би требало да го диктира. Според тоа изгледа дека и оваа година не ќе можеме да се надеваме за некакви интервенции на државата за некаква политика која што би била со зголемена инвестициона активност.

Инаку конкретни забелешки во посебниот дел на Буџетот би имал, ќе одам посебно по позиции, на позиција 17 каде што стои опрема за гласање и клима уреди во салата на Собранието. Тоа е 300 милиони. Навистина несфатливо е за 3 години од Буџетот да се издвојуваат средства да не можеме да извршиме една едноставна работа како што е климатизација на салата и уреди за гласање. Па луѓето за 3 години прават вселенски бродови, а ние не можеме да климатизираме. Јас не знам која е причината за оваа работа, дали треба некој конкретно овој проект да го работи, па не е слободен тој да го работи, дали се бараат некои високи стручњаци кои што не можеме да ги добиеме или се некои

други игри, меѓутоа недозволено е да не можеме за три години да извршиме климатизација на една сала. Незнам дали воопшто има смисла да постои оваа ставка ако однапред се знае дека веројатно нема ни да се користи. Или пак оној што треба да даде одговор нека даде одговор зошто досега не е искористено, или зошто не е направено ова.

Втора работа на која имам забелешка е одделот 35 за учество, откуп и изградба на станови за Македонците од егејскиот дел на Македонија. Со становите знаеме каква е состојбата сега. Практично скоро комплетниот станбен фонд се приватизира, ние повторно ќе градиме станови за кои што веројатно утре ќе носиме станови како да им ги поклонуваме. Дали треба ова да постои јас уште еднаш би се обратил до Владата да даде дебело образложение од кои причини бара ова повторно да стои. Инаку по мене не е прифатливо.

Би се задржал на одделни позиции, оддел 94 каде што стои финансирање на програма за изградба и опремување на правосудните згради и казнено - поправните установи. Се поставува прашање на кое што овде би требало одговор да се даде дали под ова, бидејќи е прилично голема сума на пари, 2,5 милијарди се мисли на зградата на правдата, или се мисли...

**РИСТО СТАНКОВСКИ**: (продолжение)

Далеку од ова, се мисли, и да речам еве на зградата на правдата, или се мисли само на евентуално доопремување или подразбира некои судови кои што сега постојат. Би требало да се даде точен одговор на ова и треба сигурно да се даде образложение колку и во овие услови дали ни е потребно таа зграда да ја интензивираме односно нејзината изградба и дали имаме таква можност.

Наредна работа што секако стои тоа е во делот во разделот 12, тоа е царинската управа. Постои еден раздел 139 каде што стои посебни намени и една сума од 2 милијарди и 300 на овие стари денари и останува она прашање, барав и во образложението, меѓутоа и таму стои дека 2 милијарди и 300 се за посебни намени, што во суштина баш многу и не кажува. Мислам дека треба да стои што се тоа посебни намени, а посебно што би апелирал кога се работи за царинската управа под итно да се направи информативен систем односно компјутеризација и тоа од повеќе причини, меѓу кои едната е и таа која што создава малку револт кај граѓаните, појавата на црнoберзијанството, појава со шпекулации и царини, неплаќање на даноци и еден одговор од царината дека ние не сме опремени, понапред имавме некаков феарц, сега немаме ништо и од тие причини се случуваат овие состојби што ни се случуваат. Ако е тоа така мислам дека е приоритетно и итно таа царина по секоја цена што побрзо да се компјутеризира односно да се направи информативен систем, инаку мислам дека ќе биде неодрживо и во оваа година, па и во наредната да очекуваме одговори, е па се шверцува, не се плаќа царина, се оставаат роби затоа што не сме опремени. Тоа би требало под итно да се реши и веројатно би требало да постои таква ставка во делот за царината.

XI/2.-

Малку збунува одделот 169 каде што стои конто 433 учество во финансирање на програма за работа на зимско - рекреативни центри Ако некому нешто му е ветено во врска со ова тоа е друго прашање, меѓутоа остануваат многу дилеми ако може да се даде за зимско- рекреативни центри, зашто не може за летни и зашто не може да не набројувам какви се позиции. Според тоа, би сакал да знам што поконкретно се мисли со оваа програма за да може да биде прифатена. И на вака за мене е неприфатлива затоа што остава простор за други дилеми.

Во разделот 19 од конто 418 имаме програма за заштита на езерата. Беше спомнато и понапред од некои претходни дискутанти, а би спомнал и јас. Прво, би сакал да стои заштита само на Преспанското и Дојранското Езеро бидејќи средствата што беа дадени минатата година ги искористи само Охридското Езеро и сите беа дадени на Охридското Езеро. Според тоа, оваа година овие да бидат дадени и на Преспанското и Дојранското Езеро. Зашто така дојде иако стоеше во Буџетот нешто друго, меѓутоа тоа е прашање, но реално тоа се случи. Според тоа, оваа година не би сакал истото да се случи и од тие причини конкретно да се наведе што под оваа програма на заштита на езерата се мисли. Инаку вака повторно се чини некој кој што е појак или незнам по кои основи ќе ги добијат другите ништо нема да добијат.

Го поздравувам постоењето на една ставка тоа е 2 милијарди берзоземјоделски производи, долго најавувана и така помпензно се очекуваше оваа берза ќе стартува многу порано и ќе разреши некои проблеми со откупот и пласманот на земјоделските производи, меѓутоа до ден денес не тргна од мртва точка. Веројатно ова ќе се ефектуира оваа година и да се надеваме дури и препорака е што побрзо да се фектуираат овие средства иако е можно во текот на оваа година и оваа берза да профункционира. Сигурно дека во овие услови многу ни тежнее и битно е да ја имаме.

XI/3.-

Би имал една забелешка исто така во врска со која имаме одредени споредбени показатели кои на некој начин малку ме заинтригираа, па на пример под одделот Министерство за труд и социјална политика од 238 имаме финансирање на правата на воените инвалиди, лица прогонувани за отворање на идеите на самобитноста на македонскиот народ, итн. 18 милијарди и веднаш на наредната страна имаме уште една ставка ученички и студентски стандард 12 милијарди. Малку ме иритира размислувањето повеќе пари да даваме за минатото отколку за иднината. Мислам дека не е во ред една држава повеќе да дава за минатото доколку за иднината. Веројатно ќе сфатите на што мислев во овој момент. Исто така, би сакал образложение за овие точки кога ќе дојде предлогот на Буџетот.

Останува дискусија и за Министерството за наука. Исто така и овде имам забелешка на еден раздел, тоа е од контото 415 учество за набавка за опрема на информационен систем на Републиката. Овде би ставил голема забелешка имав и во претходниот буџет. Прво со програма на Собранието би требало да се достави програма, односно проспект за работата на овој информационен систем во текот на претходната година да можеме да одобриме средства за наредната точка. Ние, колку што сум јас овде пратеник, веќе две години немаме добиено никаков извештај кај се трошени средствата што беа издвојувани за оваа намена.

Имаше и пратеничко прашање на оваа тема и од прилика во тоа пратеничко прашање се состоеше дека, а тоа беа огромни средства во долари, воглавно се созсвале претпоставки за развој на некаков информативен систем и тоа претпоставки кои почнале пред 1988 година. Ако 6 години создадеме претпоставки, јас не знам кога е нешто ќе работиме. Фрлени огромни средства, не би сакал да прејудицирам на некои работи, меѓутоа без никаков ефект. Тоа е мое размислување и

барам оваа ставка да не постои во наредниот буџет или ако има потреба тогаш претходно на Собранието да се даде извештај за работ; на Информативниот систем на Република Македонија. Инаку, вака е неприфатливо. Ако го погледнете и одговорот на пратеничкото прашање ќе видите дека таму работите таму не се јасни. Според тоа, не би сакал да одвојуваме средства за нешто што немаме сигурност дека ќе биде корисно искористено.

Можеби ќе треба и едно дообрајаснување да даде Владата и во врска со раздел 29 односно Министерството за информации. Ова Министерство некако виси и згодно е да се даде кога веќе се одвојуваат средства, да се даде и некаков одговор. Зошто се состојбите таму такви какви што се , што се планираа со него итн. Мислам дека е тоа згодно и од прилика ова би биле моите забелешки кон овој Нацрт буџет за 1993 година. Би сакал кога ќе дојде предлогот на овие мои така да речам прашања, да биде даден одговор, а некој од овие стапки да бидат и подетално образложени онака како што барав.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господо пратеници, пред да го кажам своето мислење за Нацртот за Републичкиот буџет, сакам да кажам некои мои принципиелни забелешки во врска со истиот. Сметам дека е лоша праксата што сме ја вовеле во овој Парламент да буџетот го носи во петтиот, во шестиот месец во годината, постоечка, сметам дека тоа треба да се прави на истекот на претходната година, зошто вака се доведуваме во една ситуација кога нешто мора да се изгласа за да некој може да работи во неговата дејност. Сметам дека во иднина овие лоши навики треба да ги отфрлиме.

Исто така, сакам да забележат тоа што воопшто не се осврнавме на тоа како оваа држава и оваа актуелна власт ги прибира приходите за буџетот, зошто не успева да наплати голем дел од даноците, зошто ен се носат ефикасни мерки за наплата на даноците, граните да си ги носат своите обврски спрема државата и сметам дека тука огромни средства се одлеваат од буџетот и на драстичен начин се оштетува државата. Тоа се мои две принципиелни забелешки на почетокот.

Исто така сметам дека голем дел има раздели каде пишува "и друго", а се издвојуваат огромни средства без комплетна определена намена каде ќе одат тие средства и сметам кога се носи буџет мора прецизно да се каже колку средства и каде ќе бидат употребени. Тоа понатаму ќе го аргументирам.

Исто така сметам дека без јасно изграден концепт за развој на армијата и Министерството а внатрешни работи овде во Парламентот не смееме да одиме со усвојување на буџетот, значи сметам дека треба овде во Парламентот, да кажеме, да изработиме да изгласаме стратегија за развој на овие две витални министерства од предвидениот систем на државата и дури потоа да се договориме колкава полиција ни треба, колкава војска ни треба и каков концепт ќе градиме и колкави ќе бидат тие приходи и колкави ќе бидат тие издвојувања, зошто вака повторно се доведуваме до ситуација на свршен чин да мора нешто да изгласаме без притоа да имаме јасна визија каде ќе одат парите.

Исто така, голем дел од дискутантите дискутирања за издвојувањата во здравството и проблемите што се таму. Сметам дека и тука ќе треба концепт за развој кој што ќе го дефинира овој Парламент од причини што мислам дека доколку се погледа бројот на вработените

во последниве 10 години по разни дејности ќе се види една многу индикативна работа, а тоа е дека бројот на вработените во ситеа дејности бележи тенденција на опаѓање, додека на вработените во здравството тоа е обратно, тука постои од година во година од последните 10 години една тенденција на зголемување на бројот на вработените, а паралелно на тоа се јавуваат и голем број на приватни здравствени уставнови, а од друга страна и од стручната политика во школите, постојано продуцираме кадри од таа област, без да видиме дека тие кадри немаат никаква перспектива и затоа сметам дека Владата или Парламентот за оваа област да се произнесе од причини што мислам дека огромни средства се одлеваат во еден гломазен апарат.

Господинот Станковски зборуваше овде за Републичкиот информативен систем за компјутеризација на државната управа. Сметам дека е тоа едно важно и болно прашање за оваа држава. Јас имав поставено пратеничко прашање за тоа колку средства се одлеани за овие последни години. Навистина сум изненаден од тоа што огромни средства оваа држава досега фрлила на тоа, а што тој информативен систем кој е фундамент за постоење на една држава воопшро не пеодункционирал досега. Сметам дека секој треба да си сноси одговорност за своето работење, па така и тие државни високи функционери таму кој што го водат овој систем, кој што потрошиле огромни средства, треба да сносат одговорност, зошто тој компјутерски систем не профункционирал.

Сметам дека оваа држава трпи огромни штети од непрофункционирањето на компјутерскиот систем. Реков сега ќе поставам, а еве и ќе наведам дека огромни средства се издвојуваат, а не се кажува каде, комплетната нивна намена прецизно не се наведува.

На пример раздел 41 вели "средства за други потреби за работа на органите на управата" издвоени 41 милијарда 947 милиони. Понатаму, за раздел 43 "други потреби и интервенции во стопанството" за тоа се 160 милијарди денари. Раздел 45 "средства за други општествени дејности 25 милини денари".Мислам дека треба да се прецизира што значи тоа трудо. Дали тие други особено во 43 тоа се огромни средства 160 милијарди денари за интервенции во стопанството , нема да се користат да одредена владаеачка структура во фирмите, да не се спасува таа структура која што е лојална на владеачката власт. Бидејќи ме се комплетно наведени, јас мислам дека с за таа намена на овие средства.

Ние веќе неколку години од како сме влезени во Собранието издвојуваме средства овде за опремата за гласање во салата. Еве оваа година треба да бидат 300 милиона денари. Исто така имаше и минатата година имаше издвојувани средства за оваа намена, а сведоци сме дека воопшто ништо не е сторено за воведување опрема за гласање, јас мислам дека македонскиот Парламент е можеби единствен во Европа каде што нема електронско гласање, и затоа се доведуваме во ситуација да се сомневаме кој како гласал, а од друга страна сметам дека тоае во интерес за развој на демократијата овде кај нас, да може пратеникот слободно без партиски директиви да се гласа и своите ставови да ги изнесува.

Исто така мислам дека е трагично колку малку средства се одвоени, тоа е во раздел 43 во одделот на Министерството за стопанство каде за учество, за изградба на електроенергетски објекти се предвидуваат 800 милиони денари. Јас мислам дека е оваа смешно мала сума на издвојување и со оглед на ситуацијата во оваа област јас би

препорачал на Владата порано да не издвојува ништо и да се знае дека оваа Влада воопшто не размислува за електоенергетскот развој на оваа Република. Инаку, вакви смешни симболични суми што се издвојуват тоа нема да има никаков ефект, ако ние продолжиме со вакви издвојувања, сметам дека сносиме една голема одговорност спрема идните генерации, а особено од изградбата на нови електроенергески објекти за искористување на хидропетенцијалот на Републиката во последниве дваесетина години воопшто не е изграден нов електроенергеткси објект и ние во однос на оваа гранка можам да кажам дека трагично заостануваме зад сите наши соседи за нашиот иден развој и не можеме да имаме никаков стопански развој доколку не ги решиме проблемите во електроенергијата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**:(продолжение)

На крај сакам само да кажам за издвојувањата кај Министерството за финансии во два раздели овде. Првиот "Основачкиот влог за информативната Агенција 480 милиона денари". Мислам дека ние веќе трагично заостануваме во оваа област. Народи кои што немаат држави како што е палестинскиот си имаат своја Информативна агенција. Ние сме држава која сме членка на ООН, а немаме можност во светот да ја презентираме нашата вистина преку наша информативна агенција. Сметам дека партиите, пазарењето за тоа кој ќе владее со таа информативна агенција и носи само штети на Републиката. Исто така, не се издвојуваат средства за организирање на меѓународен прес-центар во Републиката што секоја држава го има и што ја сметам една неопходност во оваа област за нашата држава. Тука би се задржал на еден навистина симптоматично издвојување од 3 милијарди и 490 милиони денари за учество на Републиката во финансирањето на општите и јавни гласила. Сметам дека се тоа исто така голема цифра. Тука мора Републиката, пред мене овде беше ми се чини господинот Тодор Петров, кажа дека треба да се реши, поготово за телевизијата, за Нова Македонија да бидат државни средства за информирање и на тој начин да се реши прашањето со финансирањето, поготово на Македонската телевизија. Оваа состојба што е сега, а што ние постојано ја одлагаме таа точка последна на 53-тата седница состојба каде што сме сведоци дека ни се распаѓа државната Радио- телевизија, а ние како највисок законодавен државен орган и Владата исто така тука одговорноста треба да си ја понесе, сметам дека правиме голема грешка и мора да застанеме на пат и да го решиме овој проблем. Зашто, ситуацијата навистина е трагична, секој втор граѓанин не плаќа претплата, а ние тоа не правиме усилби да

го решиме што значи изразувам надеж тука дека 53-тата седница многу брзо ќе биде закажана и овие проблеми решени од системски карактер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници мене ме поттикна тука еден разговор на претходниот дискутант, не е Михаил Пановски, туку на претставникот од СДС, не го гледам сега тука, при што тој кажа барам од Владата некое дебело образложение, од министерот за учеството на откуп за изградба на станови за македонско-егејскиот дел на Македонија и за други повратници. Се обрати лично до министерот во кој, сигурно, тоа дебело образложение можеме да го кажеме сега без да се мачиме после 10-15 дена кога ќе се донесе буџетот. За што се работи? Тука се работи за сума стриктно од 300 милиони денари, т.е. 3 милиони денари сега. Ако се пресмета по квадратура јасно ќе биде колку станови ќе можеме да изградиме со тие 3 милиони денари. Тука би реагирал поради тоа што впечатокот што толку го истакна точно разделот 416, веројатно, ќе создава некоја заблуда меѓу многу слушатели итн. Но, бис е согласил доколку беше исто така принципи- елен и би го потенцирал многу подобро Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на обрци од НОВ, при кои се вработени тројца функционери и 53 работници со позиција 461 од средства кои се предвидени една милијарда и 260 и нешто милиони денари. Значи, тука се работи за огромна, многу поголема сума од вработени и сега ние не знаеме јас би барал обратно сега да се образложи кои се тие вработени од 53 и плус тројца функционери сега од Здружението на борците од НОБ, би се согласил во

ставот и заклучокот , тоа што се кажа ние многу се враќаме на минатото и го поддржуваме. Но, би било добро да се потенцираше точно овој дел. Јас тука би барал малку подебело образложение. Ако мене лично ме прашате мојот став е 416 разделот учество и за изградба на станови за повратници од Егејскиот дел тука не се само повратници само од Егејскиот дел на Македонија, туку се--работи за повратници. Личниот мој став е воопшто и да не постои тоа, односно таков раздел. Бидејќи јасно е дека сумата е симболична и не би требало многу да се задржиме на тоа. Тие средства што се предвидени местото би си го нашле во некој похуманитарен став од некој раздел од тука што е предвидено, за подобрување на студентскиот стандард итн. Бидејќи повратници од Егејскиот дел на Македонија веќе не постојат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани колеги, почитувано претседателство, во Нацртот на буџетот покрај тоа што се предвидуваат да се финансираат дејностите што се од витално значење за Републиката, значајни средства се планираат и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја во Републиката и тоа во износ од 17 милијарди денари. Бидејќи овој Буџет е во фаза на Нацрт ќе изнесам едно мое размислување и тоа да му се сугерира на Фондот за развој на недоволно развиените краишта средствата што ќе ги користи од буџетот да ги насочи исклучиво за ефектуирање на веќе изградените инвестициони објекти. А такви низ Републиката ги има многу.

Второ, со Нацртот се предвидуваат средства во разделот 15, извесни средства за учество во изградба на водоводите во општините и тоа сума од 2 милијарди денари. Предлагам на носителот на овие средства да предвиди и во општината Кичево, за што дел од населението се без вода за пиење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Јас се извинувам, но многу кратко сакам да кажам. Министерството за финанси и Владата мора да имаат слух во ова време за разделите во областа на здравството, се додека не се извршени процесите на преструктуирање во сферата на здравството. Сигурно дека сакам да кажам во ова време е многу актуелно да се помогне со одредени раздели во позициите за здравството. Тргнувам од претпоставката што во секоја развиена земја некаде 20 до 25% од потребите од националното здравство ги покрива државата. Тоа е во развиените земји, а овде не го имаме ни процентот 3%. За што граѓанинот се наоѓа на централно место во еден систем меѓу здравствени институции кои не се преструктуирани. Трошковно доста ја оптоваруваат финансиската состојба на здравствените установи. Да кажеме дека тоа прашање можеме да го разрешиме со Законот за преструктуирање и со Законот за здравство како лек специјалист. Потоа институциите за здравствено осигурување, ние имаме само обврзно здравствено осигурување. Не функционира апсолутно институтот доброволно осигурување и нема од никаде средства освен од институтот обврзно здравствено осигурување. Во самата супстанца за здравство која се ствара врз база на обврзното здравствено осигурување на централно место доаѓа пак општествениот сектор и пензионерите, вработените и пензионерите. Со 88% од вкупните

приходи. Додека земјоделците, поготово, приватниот сектор, кој што учествува со 17% од вработените , а учествува во вкупните приходи за здравство со 1%. Што сакам да кажам господине министре? Барајте ги луѓето од приватниот сектор што не плаќаат придонес за здравство. Заради тоа што 17% од нив се корисници на здравствена заштита, а учествуваат со 1% во вкупните средства за здравствена заштита. Тоа е еден извор кој што е сместен во секторот на автархичната економија. Државата, сега зборуваме за држава која ќе ги третира сите граѓани дали се осигурени или не се осигурени подеднакво за едни одредени исти права без оглед дали се осигурени или не се осигурени. Како дражва има уставни права да бидат здравствено заштитени од одредени заболувања, кои што се специфични и карактеристични за сите здравствени организации. Натаму, во сите оние раздели што се однесува за правосудство за Министерството за труд и социјална политика, здравството ќе мора без оглед што е таква распределба направена, таа нека си биде , здравството ќе мора автентично на овие раздели каде што се одредени средства за здравствена заштита да фактурира и да покаже дека троши супстанца, зарад тоа што овие се сите од прилика средства определени и сигурно дека министерството за здравство нема автентични и добри податоци за да може да се формулира и еден навистина буџет кој што ќе има своја финансиска основа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги мола службите да ги повикаат сите пратеници да влезат во салата.

Собранието, предлагам, да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Нацртот на Републичкиот буџет за 1993 година.

2. Собранието оценува дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на Републичкиот буџет за 1993 година, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието изнесени на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и мислењата и укажувањата изнесени на седницата на Собранието да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам, да крене рака? (пратениците креваат рака).

Педесет и пет пратеници гласаа за.

Дали е некој против?(еден пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање?(еден пратеник).

(четворица пратеници не гласале).

Ги молам пратениците сите да гласаат.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Минуваме на **точка два** - Предлог за донесување на закон за извршување на Републичкиот буџет за 1993 година.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Комисија за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за здравство, Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за заштита на човековата околина, Комисијата за земјоделство и шумарство, ЗПК и

Комисијата за образование, наука и култура, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за надворешна политика, прашања и односи со странство, Ви се поделени односно доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за извршуваше на Републичкиот буџет за 199 3 година.

2. Собранието оценува дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со Извештајот и извештаите да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (59 пратеника)

Дали е некој против?(два пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок. Сега ја прекинуваме работата по 62-та седница, накнадното продолжување ќе го закажеме, а причина за прекинот е што Владата ги разгледува некои најнови амандмани кои се минати на Комисијата, но ве молам понатаму , бидејќи е утврден дневниот ред и оваа точка е веќе на дневен ред, постапката е почната на седницата на Собранието сите амандмани кои ќе доаѓаат по тој закон, веќе не одат на Комисија одат директно во претрес. Молам, да се знае, и накнадно ќе закажеме продолжување.

(Седницата прекина во 15,40 часот).